# ЦАРИНСКА УПРАВА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Годишен извештај

# 2025

Содржина

*Европска интеграција* ........ 3

*Напредок констатиран во последниот Извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2025 година,* ........ 3

*Реформа и раст на Западен Балкан* ........ 4

*Учество во Програмата на ЕУ Царина 2021 -2027* ........ 5

*Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси* ........ 6

*Обезбедување на ефикасна наплата на приходи* ........ 6

*Остварена наплата на приходи* ........ 6

*Царинска лабораторија* ........ 7

*Примена на тарифни и нетарифни мерки* ........ 7

*Олеснување на трговијата* ........ 8

*Усогласување на националното царинско законодавство со законодавството и најдобрите пракси на Европската Унија* ........ 8

*Дигитализирани процеси и услуги* ........ 14

*Модернизација на ИКТ инфраструктура* ........ 18

*Унапредување на бизнис опкружувањето и олеснети услови за трговија* ........ 19

*Унапредување на истражувачките и разузнавачки активности* ........ 27

*Организациски и инфраструктурен развој и современо управување со човечки ресурси* ........ 52

*Спроведување на мерки за спречување на несооодветно и коруптивно однесување и развој на системи на правила и контрола* ........ 54

*Модернизација на инфраструктурата на граничните премини* ........ 56

*Контрола на работните процеси* ........ 59

МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ И ПОВАЖНИ НАСТАНИ ........ 61

*Меѓународна соработка* ........ 61

*Соработка со меѓународни организации* ........ 65

*Меѓуинституционална соработка* ........ 69

*Соработка со деловната заедница* ........ 70

## *Европска интеграција*

### *Напредок констатиран во последниот Извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2025 година,[1]*

Европската унија ја оценува Царинската управа со добро ниво на подготвеност, со значителен напредок во процесот на дигитализација. Завршен е развојот на Новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS) Фаза 5, кој е во примена од јануари 2025 година, а Царинската управа веќе работи во целосно безхартиена средина за обработка на декларации и акцизни документи.

Во декември 2024 година беше ратификуван Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи.

Минатогодишните препораки на Комисијата се спроведени во голема мера и за следната година се даваат препораки: да се продолжи со консолидирање и примена на националните царински ИТ системи во согласност со работната програма на Комисијата за Царинскиот законик на Унијата (UCC) и модулите од Повеќегодишниот стратешки план (MASP) и да се обезбеди нивна надградба; да обезбеди континуирано усогласување на царинското законодавство со законодавството на ЕУ и да се надгради националната компонента од Новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS) во Фаза 6; да се зајакне борбата против царинските измами, особено против шверцот со тутунски производи и во соработка со Европската канцеларија за борба против измами (OLAF).

Степенот на усогласеност на царинското законодавство со законодавството на ЕУ е висок. Донесена е Царинската тарифа за 2025 година, со цел усогласување со Комбинираната номенклатура на ЕУ.

Измените на Регионалната конвенција за пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло се ратификувани и во сила од 1 јануари 2025 година.

Степенот на усогласеност на царинското законодавство со законодавството на ЕУ е висок. Донесена е Царинската тарифа за 2025 година, со цел усогласување со Комбинираната номенклатура на ЕУ.

Измените на Регионалната конвенција за пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло се ратификувани и во сила од 1 јануари 2025 година.

Законот за ратификација на измените на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка е донесен и објавен во Службен весник во декември 2024 година. Овој закон беше предуслов за започнување на Новиот компјутеризиран транзитен систем - Фаза 5.

Во однос на административниот и оперативниот капацитет, донесена е нова Стратегија за развој на Царинската управа за период 2025-2027 година. Воспоставен е сеопфатен

---

[1] COMMISSION STAFF WORKING DOCUMENT North Macedonia 2025 Report, 4.11.2025 (https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/267b368e-6b55-4a42-bb72-6395593de4da_en?filename=north-macedonia-report-2025.pdf)

разузнавачки систем за поддршка на истрагите и спроведување на законот. Контролите се базираат на разузнавачка анализа на ризик, информации пред пристигнување и техники на селективност.

Донесена е нова Стратегија за интегритет и борба против корупцијата за период 2024-2027 година, која се спроведува. Стратегијата вклучува 22 целни мерки чија цел е спречување на корупцијата и зголемување на интегритетот на царинските службеници и на царинските институции. Спроведена е напредна обука за етика, интегритет и борба против корупцијата.

Остварена е поголема наплата на приходи и поголем број на заплени на нелегална стока.

Обезбедено е одржување и натамошен развој на системот за Интегрирана тарифна околина (ИТО) и започнати се активности за развој на системи за регистрација и идентификација на економски оператори (EORI) и унифицирано управување со корисници и дигитален потпис (UUM&DS).

Исто така во Извештајот се констатира дека Царинската управа има воспоставено редовна размена на податоци со голем број државни институции преку Платформата за интероперабилност.

### *Реформа и раст на Западен Балкан*

Планот за раст на Европската комисија за Западен Балкан 2024-2027 овозможува граѓаните на земјите од Западен Балкан уште во претпристапниот период да користат некои придобивки што произлегуваат од членство во Европската Унија. Економската интеграција на земјите од Западен Балкан и пристапот до единствениот пазар на ЕУ е клучна цел за промовирање на економски раст, зголемување на трговијата и регионалната стабилност. Се очекуваат суштински реформи за усогласување на економските системи и законодавството со оние на ЕУ.

Во рамките на Планот за раст Царинската управа е одговорна за спроведување, следење и информирање за Реформата 4.1.6. *Проширување на користењето на услугите на Е-Царина за економските оператори и намалување на трошоците и зголемување на ефикасноста на царинските постапки.* Оваа реформа предвидува Царинската управа да донесе нов национален Царински закон со кој треба царинското законодавство да се усогласи со Царинскиот закон на Унијата, паралелно со имплементирање на Работната програма MASP-C на Европската Унија, со која е предвиден развој на нови ИТ-системи кои ќе овозможат целосно дигитализирање на царинските постапки.

Нацрт верзија на новиот Царинскиот закон беше изготвена и истата е доставена до Министерството за финансии за одобрување и преземање на активности од нивна страна за усвојување на Законот.

Со имплементација на активностите предвидени со Планот за раст ќе се унапредат на електронските услуги што ги дава Царината на економските оператори, ќе се намалат трошоците на царинските постапки и истите поефикасно ќе се спроведуваат. Царинската

управа започна со реализацијата на оваа реформска мерка преку развивање на Нов компјутеризиран транзитен систем-фаза 6 (НКТС 6).

Со поддршка на ЕУ, во 2025 година беше обезбеден консултант кој ја подготви техничката спецификација. Во тек е јавна набавка за развој на НКТС 6 и менаџмент поддршка, а договорот се очекува да започне со реализација во текот на прввиот квартал во 2026 година. На 1 јуни 2026 година очекуваме да имаме функционална верзија на НКТС 6 (opt out), што е и краен рок за имплементација на НКТС.

Имплементацијата на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) - фаза 6 ќе резултира со придобивки и подобрувања во транзитната постапка, како и имплементирање на посебни барања за сигурност и безбедност на податоци во транзитни декларации.

### *Учество во Програмата на ЕУ Царина 2021 -2027*

Програмата на ЕУ Царина 2027 има за цел да се обезбеди натамошно унапредување на Царинската унија на ЕУ. Преку оваа програма предвидена е поддршка за јакнење на административните капацитети на царинските органи и за подобрени капацитети во ИТ околината, со цел полесно справување со поголемиот обем на тргување и новите форми во современата трговија, како и поуспешна заштита од штетни производи и материи, подобра заштита на бизнисите и олеснување на протокот на легалната трговија[2].

Во 2025 година, 29 царински службеници учествуваа на 14 настани (8 физички и 6 онлајн) организирани во рамки на Програмата Царина (Customs Programme). Претставниците на Царинската управа имаа можност да се запознаат со статусот на активностите што се имплементираат во Европската Унија преку следење на состаноците во следните работни групи:

- Групата за поддршка на царински и даночни обуки (TSG),
- Европската мрежа на царински лаборатории (CLEN),
- Групата координатори за транзит,
- Групата за координација на електронска царина (ECCG),
- Експертската група за перформанси на Царинската унија (CUP),
- Експертската група за забрани и ограничувања.

Во рамки на програмата, беа организирани и 3 обуки за градење на ИТ капацитети (CSI RESTful, CSI и CCN), како и работна посета на Царинската управа на Србија на тема „Споделување на најдобри практики во усогласувањето на националното царинско законодавство со законодавството на ЕУ“.

[2] https://eur-lex.europa.eu/EN/legal-content/summary/customs-programme-cooperation-in-the-field-of-customs.html

## Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси

### Обезбедување на ефикасна наплата на приходи

Како изворни приходи на Буџетот, даночните приходи учествуваат со 56,3 % во структурата на вкупни приходи на централно ниво за 2025 година. Во Буџетот за 2025 година, даночните приходи се планирани за 12,8% повеќе споредено со 2024 година, за обезбедување на фискална консолидација и фискална одржливост, со стабилизација на јавните финансии и поголеми предуслови за економски раст.

Значајно е да се напомене дека Царинската управа со приходите од царина, ДДВ, акциза и надоместоци во Буџетот за 2025 година учествува со 66,5% во планираните приходи за наплата од даночните приходи, како и 37,1 % во вкупните приходи на Буџетот на државата.

Царинската управа делува за подобрена наплата на даночните приходи преку спроведување на мерките за намалување на неформалната економија.

Се напредува во дигитализацијата на даночните процедури, што заштедува ресурси и го олеснува плаќањето на даноци.

### Остварена наплата на приходи

**Во 2025 година од увоз и внатрешен промет наплатени се вкупно 131.634,3 милиони денари или 2.140,39 милиони евра,** што претставува зголемување за 5,2%, односно зголемување од 6.461,5 милиони денари во однос на претходната 2024 година кога биле наплатени 125.172,8 милиони денари.

| *Наплатени приходи* | ***Вкупно 2023*** | ***Вкупно 2024*** | ***Вкупно 2025*** | ***Споредено 2025/2024*** |
|---|---|---|---|---|
| *Вкупно-изразено во милиони денари* | ***117,797.4*** | ***125,172.8*** | ***131,634.3*** | ***6,461.5*** |
| *Царина* | *9,078.4* | *10,256.9* | ***11,842.7*** | ***1,585.8*** |
| *ДДВ* | *73,271.8* | *76,639.2* | ***79,122.6*** | ***2,483.5*** |
| *Данок на моторни возила* | *2,166.3* | *2,661.0* | ***2,993.2*** | ***332.3*** |
| *Акцизи* | *32,432.8* | *34,782.1* | ***36,843.1*** | ***2,061.0*** |
| *Надоместоци* | *848.2* | *833.6* | ***832.6*** | ***-1.0*** |

Во 2025 година наплатениот износ на приходи спореден со бројот на вработени во Царинската управа покажува дека се **наплатени приходи од 107.281.408,00 денари по вработен.**

### *Решенија за дополнителна наплата*

| Решенија за дополнителна наплата | *Вкупно 2025* | | *Вкупно 2024* | |
|---|---|---|---|---|
| | *Број* | *Износ ден.* | *Број* | *Износ ден.* |
| **По службена должност** | 873 | 207.609.425 | 537 | 61.475.993 |
| **По барање на странка** | 262 | 20.760.388 | 438 | 19.683.275 |
| Вкупно | 1135 | 228.369.813 | *975* | 81.159.268 |

### *Царинска лабораторија*

**Во 2025 година во Царинската лабораторија се примени вкупно 411 мостри за лабораториска анализа (споредено со 141 мостри примени за анализа во претходната 2024 година).**

Од вкупно примените мостри за анализа, 163 мостри се нафтени деривати, 222 мостри се прехранбени производи, 10 мостри ѓубрива, 16 мостри се производи на хемиската и други индустрии.

Несоодветно тарифно распоредување е констатирано кај 113 мостри: 1 мостра на нафтен дериват, 98 мостри на прехранбени производи, 10 мостри ѓубрива, 4 мостри други производи на хемиска индустрија.

Останатите мостри се потврдени во однос на пријавеното распоредување според Царинската тарифа.

### *Примена на тарифни и нетарифни мерки*

**Одлуки за распоредување на стоки**

Во 2025 година се **издадени 219 Задолжителни тарифни информации** (од вкупно 671 важечки во последните три години).

**Одлуки за распоредување на стоки согласно Комбинираната номенклатура на ЕУ**

Усвоени се и објавени (3) три уредби за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување на одредени стока во Комбинираната номенклатура (Службен весник на Република Северна Македонија број 62 од 21.03.2025 година, број 189 од 11.09.2025 година и број 248 од 11.12.2025 година), во кои се транспонирани вкупно (12) дванаесет регулативи на Комисијата на ЕУ. Регулативите се однесуваат на распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура на ЕУ што се објавени во службен весник на ЕУ во периодите

од 01.07.2024 до 30.09.2024, од 01.10.2024 до 31.12.2024 и од 01.04.2025 до 31.06.2025 година. Истите се однесуваат на следниве видови на стоки: текстилни производи, препарат од хемиската индустрија, пасивен оптички разделувач и рекламен материјал, проектор со тјунер, машина т.н. робот со тактички одговор, врвови за пипети, вреќа за седење, смеса од сахароза и гелан гума и газиран алкохолен пијалок со арома на рибизла.

**Одлуки за распоредување на стоки согласно Комитетот на Хармонизиран систем (ХС)**

Објавени се одлуките за распоредување на специфични стоки донесени од страна на Комитетот на Хармонизиран систем на Светската царинска организација на 74- та Сесија – септември 2024 година и 75-та Сесија - април 2025 година.

## *Олеснување на трговијата*

### *Усогласување на националното царинско законодавство со законодавството и најдобрите пракси на Европската Унија*

#### *Законски прописи со кои се регулираат царинските постапки и формалности*

- **Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа (Службен весник на РСМ бр. 130 од 27.6.2025 година)**
  Министерството за финансии во соработка со Царинската управа изготви Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа, со кој се изврши намалување на царинските стапки за одредени стоки што како суровини или репроматеријали се користат во домашната индустрија. Со оваа измена се реализира Програмата за работа на Владата 2024-2028, согласно обврската за постепена хармонизација на царинските стапки со стапките применувани во Европската унија, адаптирано на извозно-увозните потреби на стопанството и на државата. Дополнително, со предложените измени се укинуваат царинските стапки за стока со потекло од Соединетите Американски Држави.

- Во јули 2025 година беше донесена **Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон** (Службен весник на РСМ бр. 154 од 29.07.2025 година), со која се овозможува примена на член 2 став 5 од Законот за царинската тарифа, според кој за стока со потекло од Соединетите Американски Држави се применува царинска давачка „слободно“ („сл“) во согласност со членот 19 став (3) точка д) од Царинскиот закон, односно пропишување на доказ за потекло со кој ќе се докажува дека стоката е со преференцијално потекло од Соединетите Американски Држави.

*Законски прописи во подготовка*

- Подготвена е нацрт верзија на нов Царински закон усогласен со Царинскиот закон на Унијата, со кој се регулираат нови дигитални постапки, нови одобренија, право на сослушување кога се носи негативна одлука, нови термини на царински постапки, нови дигитални системи. Новиот Царински закон се очекува да биде донесен во текот на 2026 година.

- Во подготовка е и Уредба за спроведување на новиот Царински закон, со која се пропишуваат услови, критериуми и рокови за постапување, а во следниот период ќе се подготват и упатства за спроведување на новиот Царински закон со кои попрецизно ќе се дефинираат процедурите за увоз, извоз, транзит, гаранции, внес на стока на царинско подрачје и др.

*Законска регулатива во подготовка со која се уредуваат акцизите за добрата подложни на акциза*

Во ноември 2024 година до Министерството за финансии се доставени за понатамошно процесирање:

- **Предлог Правилник за начинот на оданочување со акциза на алкохол и алкохолни пијалаци и тутунски производи**
  Направено е понатамошно усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕК) бр. 3199/93 од 22 ноември 1993 година, за взаемно признавање на постапките за целосно денатурирање на алкохол за цели на ослободување од акциза.
- **Предлог Правилник за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија**

Во двата предлог правилници:
- Додадени се членови со кои се пропишуваат поблиски критериуми за исполнување на условите за намалување на гаранцијата за обезбедување на акцизен долг и гаранција во форма на готовински депозит, согласно член 30 став 13 од Законот за акцизите.
- Во делот на документацијата која се приложува кон барањето за издавање на акцизна дозвола и одобрение за повластен корисник, направено е усогласување на документите што ги издаваат другите институции.
- Се допрецизира начинот на враќање на акцизата на дипломатските и конзуларните претставништва и членовите на нивниот персонал, што не беше детално прецизирано досега.
- Направено е подобрување на текстот во согласност со тековното акцизно работење, вклучувајќи ја и примената на компјутерскиот систем на Царинската управа.

Во Предлог Правилникот за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија се пропишува и содржината на месечниот извештај за набавени и продадени

количини на енергенти и количини на енергенти на залиха кои содржат материи за обележување.

*Регулирање на постапките со интерни документи (подготовка на нови и ревидирање на веќе постоечки упатства, процедури, насоки, прирачници)*

**Царински постапки**

Донесени се нови интерни документи за регулирање на постапките:

- **Ново Упатство за царинска вредност** со кое се уредува начинот и постапката која ја спроведуваат организационите единици на Царинската управа на Република Северна Македонија при утврдување на царинската вредност на стоката при увоз.
- **Ново Корисничко упатство за пребарување на електронскиот каталог SchwackeNet** со кое се опишува начинот на пребарување на податоците во каталогот SchwackeNet, од страна на вработените во Царинската управа, со цел проценка на вредноста при постапката на увоз на нови и употребувани патнички моторни возила, лесно доставни товарни возила, како и мотоцикли.
- **Насока за мерење на тежина на товарни моторни возила**, со која се уредуваат обврските и постапките што ги преземаат царинските службеници при спроведување на обврската за мерење на тежина на товарни моторни возила во царинските испостави при влез/излез и увоз/извоз, со фокус на прифаќањето на кантарски белешки издадени од странска држава, што може да трае максимум 120 дена во текот на една година.
- Ревидирана **Насока за распоредување на компјутери и софтвер согласно Царинската тарифа,** со која се појаснува начинот на распоредување на компјутерските системи, компјутерски сервери, лаптопи и други преносливи уреди, делови и прибор за овие машини опфатени со Глава 84 и 85, Оддел XVI од Царинската тарифа.

## *ВКУПНО ОБРАБОТЕНИ ДЕКЛАРАЦИИ во постапки на увоз, извоз и транзит – царинарници и царински испостави (во 2025 година)*

### *Индикатори за е-Царина*

| Обработени декларации (во увозна и извозна постапка) | Вкупно во 2024 | | | Вкупно во 2025 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Увоз* | *Извоз* | *Вкупно* | *Увоз* | *Извоз* | *Вкупно* |
| | 556.879 | 275.318 | 832.197 | 597.489 | 273.522 | 871.011 |

| ***Просечно времетраење на постапките*** *(Не се опфатени декларациите процесирани за повеќе од 2 дена, каде постои оправдано образложение поради утврдени неправилности при вршење на царинските контроли)* | *2024* | | *2025* | |
|---|---|---|---|---|
| | *Увоз* | *Извоз* | *Увоз* | *Извоз* |
| | 179,88 минути | 42,83 минути | 174,75 минути | 45,31 минути |

| **Зголемен број на декларации во поедноставена постапка – (2025 споредено со 2024)** | **Зголемување на одобренија за поедноставена постапка на локално царинење (сега активни 76 одобренија)** | **Кај увоз –процент на декларации селектирани на црвен канал од системот за управување на ризици со откриени нерегуларности, во 2025 година** |
|---|---|---|
| **0,8% (1.746 декларации)** | **Нема нови иматели на вакво одобрение во 2025 година** | **24,30 %** |

### Транзитни декларации обработени во 2025 година

| **Тип на транзитна декларација според место на поаѓање/одредишно место** | **Број на обработени декларации** |
|---|---|
| Место на поаѓање МК, одредиште надвор од МК | 170.955 |
| Место на поаѓање надвор од МК, одредиште во МК | 101.949 |
| Место на поаѓање надвор од МК, одредиште надвор од МК | 99.634 |

### *Показатели за е-Царина*

- Зголемен број на транзитни декларации процесирани во НКТС -фаза 5 во споредба со транзитни декларации поднесени преку НКТС-фаза 4 – 57.870 (15,53%)
- Зголемен број на декларации за меѓународен транзит во НКТС - фаза 5 (во %) споредено со број на декларации поднесени преку НКТС-фаза 4 – 40.824 (23,88**%**)

## *Акцизни постапки – декларации (во 2025 година)*

- Декларации за производство – за енергенти 21, за алкохол 486 и за тутун 24
- Декларации за производство – мали производители – 100
- Декларации за преработка – за енергенти 48, за алкохол 543 и за тутун 167
- Декларации за загуба и уништување – за енергенти 70, за алкохол 91 и за тутун 12
- Декларации за плаќање на акциза- за енергенти 261, за алкохол 1.000 и за тутун 626
- Декларации за доплата на акциза – за енергенти 4 и за тутун 58
- Декларации за враќање акциза – 303
- Месечни извештаи од повластен корисник – за енергенти 298 и за алкохол 2.486
- Пријави за плаќање на данок на моторни возила за преправени моторни возила 48
- Декларации за акцизни марки – за алкохол 1.506 и за тутун 1.185
- Декларации од земјоделци – 52
- Електронски акцизни документи - за енергенти 29.196, за алкохол 8.587 и за тутун 2.133

## *УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДЕКЛАРАЦИИ ПО КАНАЛИ ВО 2025 - селективност при контрола*

| *УВОЗНИ декларации 2025* | | | *ИЗВОЗНИ декларации 2025* | | | *Вкупно УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ декларации 2025* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Зелен канал* | *Жолт канал* | *Црвен канал* | *Зелен канал* | *Жолт канал* | *Црвен канал* | *Зелен канал* | *Жолт канал* | *Црвен канал* |
| *395.011*<br>*66.11 %* | *151.575*<br>*25.37 %* | *50.903*<br>*8.52 %* | *269.213*<br>*98.42 %* | *3.847*<br>*1.41%* | *462*<br>*0.17 %* | *664.224*<br>*76.26%* | *155.422*<br>*17.84 %* | *51.365*<br>*5.90 %* |
| *УВОЗНИ декларации 2024* | | | *ИЗВОЗНИ декларации 2024* | | | *Вкупно УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ декларации 2024* | | |
| *Зелен канал* | *Жолт канал* | *Црвен канал* | *Зелен канал* | *Жолт канал* | *Црвен канал* | *Зелен канал* | *Жолт канал* | *Црвен канал* |
| *372.102*<br>*66.82 %* | *131.876*<br>*23.68 %* | *52901*<br>*9.50 %* | *267.502*<br>*97.16 %* | *6.985*<br>*2.54 %* | *831*<br>*0.30%* | *639.604*<br>*76.86 %* | *138.861*<br>*16.69 %* | *53.732*<br>*6.46 %* |

## *Дозволи издадени преку EXIM*

Во 2025 година **преку EXИМ надлежните институции имаат издадено вкупно 126.269 увозни, извозни и транзитни дозволи**, со просечно време на добивање на дозвола од 0,72 денови

## *Број на товарни моторни возила*

Преку граничните премини на Република Северна Македонија во 2025 година поминале вкупно 1.130.968 товарни моторни возила (701.831 натоварени ТМВ и 429.137 празни ТМВ). Најголем дел од сообраќајот е остварен на граничните премини со Србија (вкупно 326.422 ТМВ – 237.820 натоварени и 88.602 празни) и Бугарија (вкупно 235.971 ТМВ – 144.450 натоварени и 91.521 празни).

Товарни возила кои поминале граница во 2025

| | Косово | | | Србија | | | Бугарија | | | | Грција | | | | Албанија | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на промет | Блаце | Јажинце | Вкупно | Табановце | Пелинце | Вкупно | Делчево | Деве Баир | Ново Село | Вкупно | Богородица | Меџитлија | Дојран | Вкупно | Ќафасан | Свети Наум | Стење | Блато | Вкупно | |
| Влез | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Полни | 28.167 | 0 | 28.167 | 73.963 | 0 | 73.963 | 7.767 | 66.999 | 17.575 | 92.341 | 17.575 | 26.317 | 37.736 | 81.628 | 36.122 | 0 | 0 | 223 | 36.345 | |
| Празни | 80.769 | 3.528 | 84.297 | 24.749 | 1.575 | 26.324 | 7.386 | 8.318 | 12.176 | 27.880 | 12.176 | 4.413 | 3.348 | 19.937 | 21.060 | 75 | 933 | 4.805 | 26.873 | |
| Излез | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Полни | 98.820 | 0 | 98.820 | 163.857 | 0 | 163.857 | 6.279 | 25.301 | 20.529 | 52.109 | 20.529 | 2.861 | 12.995 | 36.385 | 35.448 | 0 | 614 | 2.154 | 38.216 | |
| Празни | 14.344 | 3.646 | 17.990 | 55.577 | 6.701 | 62.278 | 12.276 | 32.557 | 18.808 | 63.641 | 18.808 | 31.366 | 24.188 | 74.362 | 23.089 | 31 | 221 | 2.214 | 25.555 | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Полни | 126.987 | 0 | 126.987 | 237.820 | 0 | 237.820 | 14.046 | 92.300 | 38.104 | 144.450 | 38.104 | 29.178 | 50.731 | 118.013 | 71.570 | 0 | 614 | 2.377 | 74.561 | 701.831 |
| Празни | 95.113 | 7.174 | 102.287 | 80.326 | 8.276 | 88.602 | 19.662 | 40.875 | 30.984 | 91.521 | 30.984 | 35.779 | 27.536 | 94.299 | 44.149 | 106 | 1154 | 7.019 | 52.428 | 429.137 |
| Вкупно ТМВ (празни и натоварени) преку гранични премини со одредена земја | | | 229.274 | | | 326.422 | | | | 235.971 | | | | 212.312 | | | | | 126.989 | 1.130.968 |

## *Издадени одобренија за спроведување на царински постапки*

На крајот на 2025 година има вкупно активни:

- 283 одобренија за застапување во царински постапки (275 важечки/2 суспендирани/6 отповикани),
- 103 одобренија за царинско складирање (90 важечки/2 суспендирани/11 отповикани),
- 701 одобренија за увоз за облагородување (165 важечки/53 отповикани/неважечки 483),
- 319 одобренија за извоз за облагородување (304 важечки/14 отповикани/1 суспендирани),
- 112 одобренија за поедноставени постапки, од кои 98 се одобренија за поедноставени постапки при увоз, а 14 се одобренија за поедноставени постапки при извоз (76 важечки/2 суспендирани/8 отповикани/26 неважечки одобренија за поедноставени постапки)
- 163 одобренија за одложено плаќање (157 важечки/6 отповикани)
- 962 лиценци за лиценциран застапник 929 важечки/3суспендирани/30 отповикани)

- 9 (девет) нови одобренија за поедноставување на постапката за докажување на потекло (статус на одобрен извозник) - вкупно активни 160 одобренија
- 198 одобрение за поедноставена транзитна постапка - нема ново издадено и нема укинато. Од нив 69 се одобренија за овластен примач (нема новоиздадени/нема укинати). Одобренија за овластен испраќач се 42 (нема новоиздадени/нема укинати). Одобренија за општа транзитна гаранција се 87 (нема ново издадено/нема укинато).

Вкупно **активни акцизни одобренија** по истек на 2025 година:

- 59 акцизни дозволи (2 нови/66 измени/2 укинати)
- 5 одобренија за мали независни пиварници (1 ново/5 измени/нема укинати)
- 7 одобренија за мали дестилерии (2 нови/нема измена/нема укинато)
- 189 одобренија за повластен корисник на акцизни добра (2 нови/201 измени/17 укинати)
- 1 одобрение за акцизни обврзници на нафтен кокс (нема ново/2 измени/нема укинато)
- 32 одобренија за земјоделци - мали производители на жестоки алкохолни пијалаци (3 нови/2 измени /1 укинато)
- 110 одобренија за корисници на акцизни марки (6 нови/нема укинато)
- 78 одобренија за дистрибутери, трговци на големо и мало (28 нови/нема укинато)
- 317 одобренија за враќање на акциза (14 ново/нема укинато) и
- 17 трговци со обележано гориво (нема ново/нема укинато)

Вкупно активни гаранции за обезбедување акцизен долг по истек на 2025 година: 303 гаранции (регистрирани 274 гаранции за обезбедување акцизен долг).

## *Дигитализирани процеси и услуги*

Број на регистрирани надворешни корисници на ИТ системи (вкупно активни и нови, состојба 31.12.2025 година)

| Р. бр. | Систем | Вкупно активни корисници по истек на 2025 | Број на нови корисници регистрирани во период 01.01.2025 – 31.12.2025 |
|---|---|---|---|
| 1. | СОЦДАД | 3.843 | 171 |
| 2. | ЕКСИМ | 8.938 | 491 |
| 3. | НКТС | 194 | 1 |
| 4. | ПЕК | 549 | 6 |

Во насока на автоматизација на процесите континуирано се работи на развој на нови системи за **интероперабилност со системите на ЕУ и системите од националниот владин домен:**

## Нов компјутеризиран транзитен систем

На 13.01.2025 година успешно беше ставена во функција новата верзија на системот НКТС 5. Овој систем е усогласен со царинското законодавство на ЕУ, како и со Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и претставува нова верзија со подобрени функционалности.

Кон крајот на јануари 2025 година, односно крајот на транзицискиот период кој заврши на 21.01.2025 година, беше спроведена синхронизирана надградба на системот НКТС 5 согласно новите барања на DG TAXUD. Со ставањето во функција на  НКТС 5 успешно се надминаа сите главни разлики со стариот транзитен систем НКТС 4, односно новата верзија е целосно усогласена со постапките со Царинскиот закон на Унијата (UCC) и техничките стандарди за размена на податоци и пораки. Истата користи современи технички стандарди за пораки, построги безбедносни протоколи и побрза електронска размена на податоци.

Системот функционира стабилно и забележани се само повремени кратки прекини што се решаваа со најголема итност. Се финализира имплементацијата на сите национални побарувања.

Во завршна фаза се подготвителните активности за имплементација на следната верзија НКТС 6, согласно Конвенцијата за заеднички транзит. Во декември беше објавен оглас за јавна набавка за нова верзија на системот НКТС, која сè уште е во тек.

## Имплементација на националниот домен на системите за Задолжителна тарифна информација, Надзор, Управување со царинска тарифа

Во 2025 година продолжува Договорот за одржување на Интегрираната тарифна околина (ИТО) при што континуирано се вршат активностите за адаптивно и превентивно одржување на системот, според техничката спецификација. Во рамки на адаптивното одржување на ИТО, извршени се активности на прилагодување на интерфејсите помеѓу ИТО, НКТС, Царински податочен склад, за потребите на нивна интеграција.

Континуирано се следи безбедноста на системот и се преземаат активности за унапредување. Во тек се активности за имплементирање на решението за електронско поднесување на барање на ЗТИ со автоматско определување на управниот број.

Поради потреба за примена во електронските системи со функционалности согласно новиот Царински закон кој е во фаза на донесување, реализирана е студиска посета во Република Хрватска. Стекнати се сознанија за имплементација на нов калкулатор каде треба да се имплементираат сите измени кои произлегуваат од регулативата. Во наредниот период треба да се одлучи за спроведување на измените во модулите на ИТО. SMS модулот е подготвен за воведување откако ќе се направат измени во интерните процедури.

Тековно се преземаат активности за идните адаптивни измени. Во периодот што следи треба да се обезбедат консултантски услуги за развој на нова верзија/адаптација на модулите во ИТО системот за примена на Царинскиот закон, усогласен со законот на ЕУ. Со имплементација на новиот Царински закон и посебно со имплементацијата на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон ќе се утврдат рокови за воспоставување на овие измени со цел имплементација на дигитализацијата која е предвидена во новото законодавство.

## Развој и имплементација на Нов Национален едношалтерски систем (National Single Window) – хардвер, софтвер

Воспоставувањето на Национален едношалтерски систем, проект финансиран со кредит на Светската Банка, ќе овозможи целосна дигитализација на издавањето дозволи, лиценци и нивно плаќање, колективно користење на податоците од страна на институциите и можност за комуникација со институциите на другите земји.

Во текот на 2025 година, по извршена анализа и ревидирање на техничката документација се реобјави набавка за: "Дизајн, набавка и инсталирање на Новиот едношалтерски систем (НЕС) во Република Северна Македонија", по што во месец декември година беше склучен договор со избраниот изведувач. Согласно планот, новиот систем треба да биде целосно оперативен до ноември 2027 година. Планирано е интензивирање на проектните активности, почнувајќи од јануари 2026 година.

Паралелно со оваа активност течеа и останатите проектни активности. Поконкретно, во тек се активности за одобрување на финалната верзија на предлог Законот за едношалтерска околина за царина, која во наредниот период треба да влезе во официјална процедура на усвојување.

Во април 2025 година беше одржана обука на тема „Управување со информатички технологии, анализа и реинженеринг на деловни процеси", која беше наменета за членовите на работната група за имплементација. Во јуни беше реализирана и обука за "Управување со промени и градење капацитети", наменета за членовите на Управувачкиот комитет.

Во врска со активностите за усогласување и мапирање на податоците за потребите на проектот Национален едношалтерски систем (NSW), во тек е усогласување на податоците кои тековно се користат во постапките за издавање на лиценци за увоз/извоз/транзит во институциите вклучени во проектот, со европскиот царински податочен модел (EUCDM 7.0). Во оваа насока, изминатиов период се одржуваа индивидуални состаноци помеѓу претставници од Царинската управа, консултантскиот тим и претставници од институциите, за комплетирање на фазата на хармонизација на податоците и подготовка на консолидиран национален модел на податоци што ќе се користи при дизајнот и имплементацијата на системот од страна на софтверскиот изведувач во наредниот период.

Воедно, во соработка со институциите, консултантскиот тим направи анализа и на материјалните законски прописи на надлежните институции, кои во натамошниот период

ќе треба да претрпат соодветни измени, со цел да се усогласат со новото законско решение за НЕС , за неговата примена.

## Развој на системи за регистрација и идентификација на економски оператор (EORI) и Еднообразно управување со корисници и дигитален потпис -UUM&DS (Проект: ИПА 3 – 2021)

Проектот „Развој на системи за регистрација и идентификување на економските оператори (EORI2) и еднообразно управување со корисниците и дигитален потпис (UUM&DS)" ќе придонесе за имплементација на правото на ЕУ согласно Поглавје 29 - Царинска унија. Целта на проектот е усогласеност со барањата на ЕУ за воспоставување на систем за унифицирано управување со надворешни корисници (економски оператори, трговци) и нивен пристап до царинските системи, што овозможува унифицирана идентификација на економските оператори и други надворешни корисници, нивниот пристап до националните царински системи и пристап до царинските системи на ЕУ, вклучувајќи ги европските централизирани царински услуги, во согласност со безбедносните политики, законските одредби и оперативните одговорности, со цел да се олесни трговијата и деловните операции и да се доближи земјата до пазарот на ЕУ и до Царинската унија.

Системот за регистрација и идентификација на економските оператори 2 (EOS/EORI2) е единствен систем за регистрација и идентификација на економските оператори во царинските домени. UUM&DS е систем кој овозможува автентикација, авторизација и услуга за дигитално потпишување, со што економските оператори од едно место ќе добијат пристап до царинските ИТ системи.

Покрај развојот и имплементацијата на самите системи, неопходно е да се развие и имплементира функционална интерконекција (интерфејси) со царинските системи кои се функционални во царинското опкружување на Царинската управа, како и со соодветните ИТ системи на владините институции во владиниот домеин.

Од мај 2025 година, избраниот изведувач на системот е фокусиран на развој на иницијален прототип. Иницијалната верзија од прототипот беше испорачана во август, додека втората верзија беше испорачана во октомври.

Со овој проект ќе се воведе ЕОРИ број на национално ниво, а правниот основ ќе произлезе од новиот Царински закон усогласен со Царинскиот закон на Унијата.

Проектот, финансиран од Европската Унија преку Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија, започна на 6 ноември 2024 година, со предвидено времетраење на имплементацијата од 24 месеци. Вкупната вредност на Проектот е 2 милиони евра.

*Достапност на системите од е-Царина на централна локација во 2025 година*

| Систем | Вкупно работни часови | Број на прекини | Прекини во часови | Процент на прекини | Процент на достапност |
|---|---|---|---|---|---|
| СОЦДАД | 8.784 | 56 | 27,43 | 0,31% | 99,69% |
| НКТС | 8.784 | 25 | 42,15 | 0,48% | 99,52% |
| ИТО | 8.784 | 1 | 0,33 | 0,01% | 99,99% |
| ЕКСИМ | 8.784 | 13 | 13,41 | 0,15% | 99,85% |

*Поднесени пријави преку Сервисниот деск*

Во 2025 година постапено е по вкупно 12.481 пријави на Сервисниот деск, од кои 488 пријави за инциденти со хардверска опрема и мрежни проблеми и 11.993 пријави за софтверски и бизнис проблеми.

### *Модернизација на ИКТ инфраструктура*

Во текот на 2025 година Царинската управа успешно го заврши проектот **„Воспоставување на систем за управување со ризици и царински податочен склад“**, финансиран со грант од 4,8 милиони американски долари од Владата на Република Кореја.

Преку проектот, Царинската управа доби напреден Систем за управување со ризик, поврзан и податочен склад за складирање на царински податоци кои произлегуваат од прибирање и анализа на информациите за патници на аеродромите, стока во транзит, податоци поврзани со спроведување на царински постапка, како и други податоци од други системи за постапување од страна на царинските службеници. Преку соодветни обуки, вработените во релевантните сектори на Царинската управа се обучени за користење и функционирање на системот, со што се зајакнати оперативните капацитети на Царинската управа.

Преку проектот е проширена и постојната хардверска и софтверска ИТ инфраструктура.

По завршување на проектот кон средината на 2025 година и воспоставување на Системот за анализа на ризик оценето е дека и практично се овозможува унапредување на процесот на анализа на ризик и подобра селекција и концентрираност на контролите на високоризични пратки, со што се овозможува олеснување и забрзување на легалната трговија. Сите податоци за целиот увоз, извоз, транзит, податоците за акцизна стока, целокупната евиденција на заплени, прекршочни и кривични пријави се интегрирани во Системот и истите се анализираат со поддршка на напредна вештачка интелигенција. Воедно системот обезбедува податоци за пратки чии вредности се различни од берзанските цени, но и чии вредности се под просечните, согласно анализата на вредноста

на целокупниот увоз, со што се алармираат царинските службеници за проверка на контејнерите со вакви пратки, за да се спречат можни обиди за царинска измама.

### *ИТ безбедност*

Во финална фаза е надградбата на домен и миграција на кориснички поштенски сандачиња во конфигурација на хибриден режим на работа, во согласност со Планот за надминување на безбедносните ранливости на ИТ инфраструктурата.

Доменската инфраструктура (Active Directory) и електронската пошта претставуваат клучни елементи на информатичката инфраструктура и директно влијаат врз сајбер безбедноста на организацијата. Континуираниот надзор, ажурирање и модернизација на овие системи се клучни активности за унапредување на безбедноста и усогласеност со релевантните стандарди (на пр. ISO 27001).

Активноста за надградба на домен и миграција на кориснички поштенски сандачиња се спроведува во соработка со Владата која обезбедува финансирање.

Дополнително, во последниот квартал на 2025 година беше имплементирано софтверско решение за управување со компјутерски закани преку контрола и мониторинг на далечински сесии – SYTECA.

SYTECA овозможува централизирано снимање, мониторинг и архивирање на логови поврзани со далечински пристап до системите. Имплементацијата на решението ја зголемува безбедноста на далечинскиот пристап до системите и овозможува усогласеност со одредбите од Законот за заштита на лични податоци и со релевантните стандарди (на пр. ISO 27001).

## *Унапредување на бизнис опкружувањето и олеснети услови за трговија*

### *Акциски план за заеднички регионален пазар (ЗРП)*

Акцискиот план за заеднички регионален пазар 2025-2028, како составен дел на Планот за раст на Западен Балкан има за цел да го поттикне економскиот раст и да придонесе за социјално и економско приближување на регионот кон Единствениот пазар на ЕУ. Планот се смета за еден вид алатка за напредување во процесот на пристапување кон ЕУ и во него фокус се става на слободно движење на стоки и услуги, хоризонтални трговски мерки, развој на човечки капитал, опкружување кое го потпомага бизнисот и конкурентноста и дигитална трансформација.

Во рамки на овој план царинските служби од Западен Балкан работат на активности со поставени цели за намалено чекање на граници, дигитализација на постапките и целосно електронски документи за трговија, заштита на првата на интелектуална сопственост, заштита на здравјето на граѓаните и животната средина, дигитална трансформација и поврзување, кибер безбедност:

**Зајакната соработка во домен на царински и даночни прашања опфаќа:**

- усогласување на правилата на ЦЕФТА со нови измени на ПЕМ правила за кумулација на потекло, усогласување на правила за потекло со ЕУ,
- поголеми поволности за економските оператори од доверба (приоритетни ленти и намалени контроли),
- електронска размена на податоци со поштенски оператори, поедноставено и забрзано царинење на пратки од е-трговија (царинска служба ги таргетира однапред пратките од посебен интерес со обезбедување на непрекинат проток на законскиот поштенски сообраќај),
- усогласено тарифно распоредување и одредување на потекло на стока за креирање на предвидливо трговско опкружување,
- воспоставување на мрежа на царински лаборатории,
- усогласени и намалени надоместоци за трговски операции и контрола на граничните/заедничките премини

***Рамка за Овластен економски оператор - поголеми поволности за економските оператори од доверба***

Договорните страни на ЦЕФТА во рамките на проектот Рамка за ОЕО се залагаат за повеќе поволности за имателите на ОЕО и зголемување на соработката со другите државни органи, кои треба да опфатат давање приоритет при спроведување на контроли, со помалку документарни и физички контроли. Кај нас меѓу-ресорска работна група (Царинска управа, Агенција за храна и ветеринарство, Фитосанитарна управа, Државен инспекторат за земјоделство и Државен пазарен инспекторат) ги разгледува можностите за поголеми придобивки за имателите на ОЕО и намалено нивно чекање на граничните премини.

На регионално ниво поголеми придобивки за ОЕО се планираат и преку утврдениот Сеопфатен патоказ за подобро користење на зелените коридори, унапредена соработка и модернизирање на граничните/заедничките гранични премини.

Во таа насока, во октомври 2025 година се одржа Регионална средба во Скопје на која присуствуваа сите земји од регионот, членки на ЦЕФТА заедно со нивни претставници од Агенциите за храна, фитосанитарните и ветеринарни управи, под покровителство и организација на ГИЗ - Германското здружение за меѓународна соработка. Заеднички заклучок од состанокот е дека е потребна поголема ангажираност од сите засегнати страни во зависност од условите, за да имателите на одобренија за овластен економски оператор имаат приоритет при спроведувањето на контролите, а во насока на олеснување и унапредување на трговијата.

**Во нашата земја има 29 компании со статус на овластен економски оператор (заклучно со 31.12.2025 година).**

### *Регионален пазар за е-трговија во рамки на ЦЕФТА*

### *Електронска размена на податоци со поштенски оператори*

Дел од ЦЕФТА активностите е и воведување на регионален пазар за е-трговија со усвојување на најважни усогласени правила и принцип на внатрешен пазар, преку олеснување на царинењето на пратки и надминување на праксата на ограничен пристап (geo-blocking). Со поддршка на Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ), Царинската управа реализира пилот проект за електронска размена на податоци со поштенските оператори. Активностите на Проектот вклучуваат надградба на царинскиот систем СОЦДАД, во делот за информации пред пристигнување, наменет за Пошта, со овозможен прием и обработка на податоците од поштенскиот оператор пред пратките да пристигнат. Меѓународниот тендер го спроведува ГИЗ. По објавниот тендер, избрана е компанија која ќе работи на надградба на системот и се очекува да се започне со планираните активности во јануари 2026 година. Кон крајот на 2025 година започнаа подготвителните на активностите за проектот кој е од големо значење како за Царинската управа, така и за АД Пошта, а од чија имплементација најмногу корист ќе имаат граѓаните на Македонија кои нарачуваат и добиваат пратки преку пошта. Најголема придобивка, покрај безбедноста на пратките е значителното скратување на времето на процесирање на пратките.

Пилот активностите за размена на електронски напредни податоци (EAD) се реализираат и во Србија и Црна Гора.

### *Дониран скенер за поштенски пратки*

Во рамки на проектот HERMES, кој се спроведува во соработка со и Пошта на Северна Македонија, Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC) во октомври 2025 година на Царинската управа и донираше скенер за скенирање на поштенски пратки. Станува збор за современ рентген скенер од нова генерација кој користи вештачка интелигенција, со што се овозможува автоматска анализа и препознавање на сомнителни појави во поштенските и курирските пратки. Скенерот е поставен во централниот објект за прием и обработка на меѓународни поштенски пратки во Скопје, каде што заеднички работат поштенски и царински службеници.

Вработените од Пошта и Царинска управа поминаа специјализирани обуки за правилно користење на скенерот, толкување на снимките и ефективна примена на алатките базирани на вештачка интелигенција. Употребата на ваква напредна технологија значително го зголеми капацитетот за навремено откривање на нелегално оружје, делови за оружје, муниција, експлозиви, дрога и други забранети предмети, особено во услови на зголемен меѓународен поштенски сообраќај. Скенерот претставува важен чекор кон модернизација на контролата на поштенски пратки, зајакнување на меѓуинституционалната соработка и исполнување на целите на проектот HERMES за зајакната безбедност и спречување на транснационален криминал преку поштенските канали.

## 1. Хоризонтални трговски мерки

### Зелени коридори и намалено време на чекање на граница

На постоечките зелени коридори кои од 2020 година функционираат на поголемите гранични премини со Албанија, Србија и Косово нотиран е забрзан процес на царинење и намалено чекање на граница. Преку Системот за систематска размена на податоци (SEED) се разменуваат информации за пратки пред пристигнување на стоката, помеѓу сите агенции вклучени во царинење на стока (Царина, Фитосанитарна управа, Агенција за храна и ветеринарство, инспекција за храна). Од 2021 година зелените коридори се користат за транспорт на сите видови стока преку патишта и железница во рамки на ЦЕФТА.

На државно ниво дадена е целосна поддршка за мерките и целите поставени со Сеопфатниот патоказ за подобрување на зелените коридори, унапредување на царинската соработка и модернизирање на граничните/заедничките премини[3] подготвен од страна на Транспортнта заедница.

Што се однесува до проширување на примената на зелени коридори со земји членки на ЕУ, успешно е завршена првата фаза од пилот проектот која опфати движење на стока од Северна Македонија до Грција преку граничниот премин Богородица - Евзони, согласно Меморандумот за разбирање помеѓу Грција и Северна Македонија за електронска размена на податоци, потпишан во јули 2022 година.  За примена на втората фаза која ќе овозможи движење стока во обратен правец, се чека на измена на Царинскиот закон на Унијата која треба да овозможи законска рамка за двонасочна размена на податоци преку системот SEED, имајчи предвид дека зелените коридори се спроведуваат токму преку овој систем.

На иницијатива на Бугарија од јуни 2025 година за воспоставување соработка од овој тип, во декември 2025 во Брисел е потпишан Меморандум за разбирање за електронска размена на податоци помеѓу Царинските управи на Северна Македонија и Бугарија. Започнати се активности за поврзување преку на двете институции преку апликацијата SEED.

Следи реконструкција и модернизација за главните гранични премини помеѓу земјите членки на ЦЕФТА и земјите членки на ЕУ, преку 11-те проектни фишеа разработени од Транспортната заедница, како предуслов за функционална примена на зелените коридори. Што се однесува до нашата земја, овие иницијативи ги вклучуваат граничните премини Блаце-Хани Елизит, Деве Баир-Ѓуешево и Богородица-Евзони. Во врска со финансирањето на реализацијата на проектните фишеа, Директоратот за проширување на ЕУ (DG ENEST) до Владата на РСМ достави барање за изразување интерес за учество во воспоставувањето на Зелени ленти. Владата ја искажа нејзината посветеност за целосна модернизација на трите македонски гранични премини. Царинската управа беше

[3] Comprehensive roadmap for enhancing green lanes, improved customs cooperation and modernisation of border/common crossing points https://www.transport-community.org/wp-content/uploads/2024/10/Green_Lanes_Comprehensive_Roadmap.pdf

назначена за централно координативно тело за оваа иницијатива, а ќе се формира и Работна група која, ќе се вклучи во директна дискусија со засегнатите страни во врска со овие инвестиции.

### Подобрено управување со ризик, со осврт кон ревидирана ЦЕФТА Стратегија за управување со ризик

Со цел подобрување на практиките за управување со ризик, во фаза на усвојување се ЦЕФТА Стратегијата за управување со ризици 2025-2028, Патоказ за имплементација и Акционен план, подготвени од страна на ЦЕФТА Секретаријатот и нејзините страни. Стратегијата предвидува косолидација на работата во од страна на ЦЕФТА страните преку опсежни консултации, билатерални дискусии и технички проценки за да се обезбеди усогласена и ефективна рамка за управување со ризикот.

ЦЕФТА Стратегијата за управување со ризици е дизајнирана со цел унапредување на соработката помеѓу страните, подобрување на селективноста во контролите засновани на анализа и проценка на ризик и примена на напредна технологија со цел создавање поефикасна и побезбедна трговска средина. Заедничките напори на царинските управи на ЦЕФТА страните, ќе обезеди оваа стратегија да биде основа за континуирано подобрување и прилагодување кон новите ризици.

Стратегијата се базира на клучните подобрувања идентификувани во Сеопфатниот патоказ за подобрување на зелените коридори, подобрена царинска соработка и модернизација на граничните премини и заедничките контролни точки, обезбедувајќи модернизација на процесите за управување со ризик.

### Подобра меѓу-агенциска соработка

Во насока на извршување на своите надлежности Царинската управа соработува со Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, Државниот пазарен инспекторат, Агенцијата за храна и ветеринарство, Управата за јавни приходи и други.

## Воведување на **заеднички гранични контроли**

***Гранични премини со Србија***

Заедничката контрола со Србија на граничниот премин Табановце Автопат се одвива континуирано и без пречки. На 08.05.2025 година е потпишан нов Договор за заеднички контроли, со кој е предвидено пасошката контрола да се врши со едно застанување. Договорот се применува од почетокот на летната туристичка сезона (јули 2025 година) и евидентно е дека има значително намалување на времето за завршување на пасошките проверки и царински формалности во патничкиот сообраќај во двата правци.

*Гранични премини со Албанија*

Спроведувањето на Договорот за заеднички гранични премини со Албанија се применува на граничниот премин Ќафасан и истиот се одвива непречено, но за забрзување на протокот потребно е подобрување на инфраструктурните услови. Ваквите инфраструктурни зафати од албанска страна се во тек и се реализираат во рамки на регионалниот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан финансиран од Светска Банка, и истите треба да завршат до март 2026 година.

Преговорите за склучување нов договор за заеднички контроли со Албанија се завршени на 18.08.2025 година. Следен чекор е потпишување на усогласениот текст на договорот од двете страни, по што треба да се спроведат процедурите за негова ратификација во парламентите на двете држави.

Новиот договорот ќе овозможи вршење на пасошка контрола со едно застанување на граничниот премин Ќафасан/Ќафтане.

*Гранични премини со Косово*

Договорот за заеднички гранични премини и заеднички контроли со Косово е во сила од 08.02.2024 година. На 12 април 2025 година официјално започна неговата примена, со што пасошката контрола при влез и излез се врши со едно застанување. Почетокот на примена на договорот недвосмислено покажува намалување на времето за завршување на пасошки проверки и забрзување на протокот на возила и патници во двата правци. Овој Договор се применува на двата гранични премини со Косово, Блаце/Хани и Елезит и Јажинце/Глобочица.

**Усогласено работно време и 24/7 достапност на инспекциски органи на главните гранични премини**

**Србија**

**ГП Табановце** – усогласено 24/7 работно време на царински органи, инспекциски служби ветеринарна и фитосанитарна служба, и усогласена 12 часа дневна смена на Агенција за храна и ветеринарство со инспекциските служби во Република Србија.

**Косово**

**ГП Блаце**- усогласено работно време на инспекциските служби со царинските органи (не се применува 24/7) на македонска страна. На косовска страна инспекциските служби имаат пократко работно време од нашите инспекциски служби, а за жива стока постапуваат по најава во било кое време.

**Бугарија**

**ГП Деве Баир- нема усогласеност на работното време на** царинските органи (24/7) и **инспекциските служби (од** 08-16 часот) на македонска страна. На бугарска страна работно време 24/7 применува само ветеринарната служба.

**ГП Ново Село** - нема усогласеност на работното време на царинските органи и инспекциските служби. На бугарска страна инспекциските служби функционираат со различно работно време, а поклопување има само со дневната смена на царинскиот орган.

**ГП Делчево** - нема усогласеност на работното време на царинските органи (24/7) и инспекциските служби. На бугарска страна нема инспекциски служби.

**Албанија**

**ГП Ќафасан**- нема усогласеност на работното време на царинските органи (24/7) и инспекциските служби. На албанска страна инспекциските служби се меѓусебно усогласени во работно време и со дежурства на повик, но немаат 24/7 работно време, а со царинските органи има поклопување само со дневната смена.

**Грција**

**ГП Богородица – усогласено** 24/7 работно време на царинските органи и инспекциските на македонска страна. На грчка страна инспекциските служби се меѓусебно усогласени во работно време со дежурства на повик (нема 247 работно време), а со царинските органи има поклопување само со дневната смена.

**ГП Меџитлија** – нема успогласено работно време на царинските органи (24/7) и инспекциските служби на македонска страна. На грчка страна инспекциските служби функционираат меѓусебно усогласени во работно време, но само на повик без постојано присуство на граница и без усогласеност со 24/7 работно време на царинската служба.

### Дигитализација и безхартиена околина преку CEFTA SEED

Со поддршка на ЦЕФТА во тек е имплементацијата на новиот проект за одржување и надградба на SEED системот (Систем за систематска електронска размена на податоци помеѓу ЦЕФТА страните). Главната цел на проектот е да се унапреди олеснувањето на трговијата и економската интеграција преку овозможување редовна и систематска размена на податоци помеѓу ЦЕФТА страните и ЕУ во областа на царината, фитосанитарната контрола и безбедноста на храната, ветеринарни и фармацевтски производи, како и промовирање на безхартиена трговија и зајакнување на безбедноста и сигурноста на трговијата, без попречување на легалните трговски текови. Во рамки на овој проект, како надополнување на претходните активности за заеднички профили на ризик, планирани се активности за размена на информации од извршени контроли и брзи аларми, развој на концепт за проверка на докази за потекло, контрола на готовински средства, размена на податоци од мерење тежина на камионите и ажурирање на базите на податоци.

Започна имплементацијата на потпишаниот Меморандум за размена на електронски податоци со Царинската управа на Црна Гора.

**Соработка во однос на заштита на права на интелектуална сопственост**

Царинската управа во 2025 година продолжи со ефикасна заштита на правата на интелектуална сопственост, во координирана соработка со надлежните институции (МВР, Јавното обвинителство, носителите на права и други).

## *Заштита на општеството*

Во рамки на својата заштитна мисија, царинските органи вршат контрола на стока што ја преминува државната граница, вклучително и проверка на прехранбените, здравствените и еколошките стандарди. Тие обезбедуваат почитување на правилата за заштита на правата од интелектуална сопственост, го контролираат увозот на прекурсори за droги, трговијата со културни добра, како и со дива флора и фауна, и спречуваат незаконско внесување и изнесување на готовински средства. Дополнително, царинските органи придонесуваат во борбата против недозволена миграција и сузбивање на организиран криминал, каде што е неопходна тесна и координирана соработка меѓу органите за спроведување на законот. За ефикасно извршување на овие задачи потребни се понапредна размена на податоци, зајакнато управување со ризик во царинското работење, подобрена соработка со други надлежни органи за пазарен надзор, како и со царинските служби на други држави, преку усогласување на нивното работење.

### Сузбивање на нелегална трговија и организиран криминал

Врз основа на разузнавачки активности и доставена информација за сомневање за можно криумчарење:

- на 3.2.2025 година на граничниот премин Деве Баир при контрола на патничко возило пријавено за влез во државата, запленети се 140 шишенца со колаген и 5 комплети за озонска терапија, со вкупна вредност од 2.400 евра.

- во период од февруари до крајот на јуни беа зајакнати контролите на возилата на граничниот премин Делчево, што резултираше со 4 случаи на наплата на царински давачки за внесување на автоделови и 4 случаи со мандатни казни. Во еден случај автоделовите беа вратени во странство.

- спроведени се зајакнати контроли на товарни возила, при што беа детектирани повеќе товарни возила за кои не е поседувана лиценца за јавен превоз на стока во меѓународен патен сообраќај.

- спроведени се зајакнати контроли на цистерни за превоз на опасни материи, при што се детектирани неколку цистерни без одобрение за превоз на опасни материи. Цистерните биле сопственост на транспортна компанија која исто така не поседувала одобрение за превоз на опасни материи.

- на 20.01.2025 година на граничниот премин Табановце, при контрола на мобилен тим на патничко возило пријавено за излез од државата, откриени се непријавени цигари.

- на 28.11.2025 година на граничниот премин Ново Село, при контрола на мобилен царински тим на празно товарно возило – ладилник со српски регистарски таблички, во бункер во предниот дел на ладилникот откриени се 4.400 штеки со електронски цигари и 800 штеки со цигари.

Донесена е Стратегија за спречување на нелегално производство, промет и криумчарење на тутун и тутунски производи за период 2025-2027 година и Акционен план за нејзино спроведување.

Царинската управа зеде активно учество и на состанокот за изготвување на Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје (2025-2030), организиран од страна на Министерство за внатрешни работи, а во соработка со SEESAC[4] (одржан на 23-26 септември 2025 година).

### *Унапредување на истражувачките и разузнавачки активности*

Како резултат на напорите за унапредување на истражувачките и разузнавачки активности и континуираните вложувања за воведување на електронски работни процеси, Царинската управа остварува соработка и со Делегацијата на европската унија. Така, во декември 2025 година, Делегацијата на Европската унија склучи три договори за набавка во рамки на програмата за поддршка на Царинската управа ИПА 2021 – ЕУ против организиран криминал и поддршка на трговијата [5] која се реализира со директен менаџмент.

Склучените договори се однесуваат на набавка на следната опрема :

- 20 специјални возила за потребите на мобилните тимови и царинските инспектори,
- 5 возила за складирање и транспорт на царински кучиња,
- 1 специјално возило за транспорт на привремено задржани лица,

[4] Клириншка куќа на Југоисточна и Источна Европа за контрола на мало и лесно оружје (South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons - SEESAC)

[5] **Supply for strengthening institutional and technological capacities to investigate organised and cross-border crime and corruption**

- информатички систем (Систем за управување со контролите и истрагите - CIMS)) и хардвер за апликација за управување со царински контроли и истраги,
- разновидна опрема за Секторот за контрола и истраги.

Овие активности имаат за цел зајакнување на институционалните капацитети на Царинската управа во борбата против криумчарење и царински измами.

**Системот за управување со контролите и истрагите (CIMS)** е интегриран информатички систем во Секторот за контрола и истраги кој треба да ги замени постоечките апликации кои покриваат одредени сегменти од работењето, да покрие процеси кои до сега не се опфатени со сегашните апликации, да обезбеди хармонизација и стандардизација на податоци, интеграција на процеси, следливост на предмети, подобрување на оперативните процедури.

Вредноста на овој проект-донација е 2 милиони евра, финансирани од ЕУ фондови.

## *Платформи за размена на податоци со други институции*

### Платформата за интероперабилност

Националната платформа за интероперабилност овозможува безбедна соработка и размена на податоци и документи помеѓу институциите вклучени во спречување и откривање на криминал, перење пари и финансирање тероризам. Размената на податоци се реализира преку веб-сервиси достапни на платформата, што им овозможува на институциите брза и ефикасна меѓусебна комуникација.

Царинската управа активно ја користи платформата во своето работење и преку неа разменува податоци со Министерството за внатрешни работи, Основното јавно обвинителство Скопје, Управата за јавни приходи и другите надлежни институции вклучени во борбата против криминалот.

### Финансиски истраги

Во септември 2024 година започна ЕУ-финансираниот ИПА проект LERMS (Law Enforcement Records Management System), со времетраење од 24 месеци. Целта на проектот е воспоставување ИТ систем за управување и следење на случаи поврзани со организиран криминал, корупција и тероризам, како и обезбедување аналитички функционалности и статистички извештаи. Во проектот учествуваат МВР, Јавното обвинителство, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Агенцијата за управување со одземен имот и Царинската управа.

Изготвен е детален дизајн и план за развој на системот, дефинирана е структурата на податоци и воспоставена е техничка поврзаност помеѓу LERMS, новиот систем за

управување со ризик на Царинската управа и Националната платформа за интероперабилност. Реализирани се активности за развој на веб-сервиси и посредничко софтверско решение, со што е овозможена компатибилност и успешна размена на податоци помеѓу различни системи.

Во декември 2025 година беше воведена енкрипција на личните податоци и воспоставена автоматизирана дневна размена на податоци, а тестирањето на функционалностите на системот е планирано за јануари 2026 година.

**Во 2025 година Службата за финансиски истраги покрена 15 финансиски истраги против 19 физички лица и 9 правни лица. За споредба,** во 2024 година се спроведени 5 финансиски истражувања, против 5 физички лица и 2 правни лица.

Службата за финансиски истраги учествува и во работата на Институционалната мрежа за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија (АФКОС мрежа).

Во 2025 година вработени од Службата за финансиски истраги учествуваа на повеќе обуки, работилници и состаноци организирани од ОБСЕ, Канцеларијата на Обединетите Нации за борба против дрога и криминал (UNODC), Центарот за безедносна соработка (RACVIAC), Меѓународната програма за обука за кривични истраги (ICITAP), СЗО и други меѓународни партнери. Активностите беа насочени кон зајакнување на финансиските истраги, меѓуагенциската и прекуграничната соработка, борбата против перење пари и финансирање тероризам, контрола на огнено оружје, акцизни производи, крипто-средства, како и спречување на нелегална трговија со опасни материи.

Преку учеството во овие настани се унапредија стручните капацитети, координацијата со домашни и меѓународни институции и примената на меѓународните стандарди во областа на финансиските истраги.

Претставници од Службата за финансиски истраги учествуваа во Работната група за изготвување на Нова **Стратегија за борба против перење пари и финансирање тероризам (2025-2028),** подготвена во организација на Управата за финансиско разузнавање, со техничка и административна помош на Канцеларијата на Советот на Европа во Република Северна Македонија. Стратегијата заедно со Акциониот план за нејзино спроведување е доставена на усвојување од Владата на РСМ.

Владата на Република Северна Македонија го усвои Извештајот за национална проценка на ризикот од перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на оружје за масовно уништување, во чија изработка активно учество зедоа претставници на Царинската управа.

Службата за финансиски истраги активно учествуваше и во работата на Работната група за изготвување на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 (со Акциски план), која е усвоена од Владата на Република Северна Македонија во јуни 2025 година.

Согласно препораките на Комитетот MONEYVAL[6], од Извештајот за Република Северна Македонија, каде се напоменува дека „Република Северна Македонија работи со системот за декларирање на државната граница за готовина, чекови и монетарно злато што не ги опфаќа сите инструменти за договарање на доносител", направена е измена на Законот за девизното работење во февруари 2025 година. Со донесените измени се врши усогласување со Законот за Царинска управа и Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, со цел да се опфати поголемиот број на инструменти за договарање на доносител и средства за плаќање што можат да се опфатат со терминот „физички преносливи средства" во однос на терминот „чекови".

## *Гранична меѓуагенциска единица*

**Граничната меѓуагенциска единица (ГМЕ), формирана со поддршка** на Канцеларијата на Обединетите Нации за борба против дрога и криминал (UNODC) и во соработка со Светската царинска организација и Интерпол, работи според стандарди и принципи на селекција на патници, багаж и карго на аеродромите во нашата земја, со цел сузбивање на криумчарење на дрога, тероризам, нелегална миграција и останати облици на организиран криминал.

По финализирањето на активностите од првата фаза од проектот (2020 – 2023 година), спроведени се подготовки за втората фаза, која започна на 1 април 2024 година. Оваа фаза го опфаќа и Меѓународниот Аеродром Охрид, а предвидено е да трае до 31.12.2027 година . Втората фаза предвидува изградба и модернизација на овој аеродромот, а според проектот определена е канцеларија за ГМЕ која ќе работи на овој аеродром. Градежните работи се во тек а ќе следи опремување на канцеларијата со мебел, технички средства и алат, донација од UNODC.

На Аеродромот Св Петар и Павле во Охрид, ГМЕ ќе ги следи активностите преку анализа на податоците за патниците, а исто така според претходни зададени критериуми врши анализа и селекција на потенцијални патници прекршители на закон.

Спроведена е обука на царинските службеници на овој аеродром, за зајакнување на капацитетите на царинските службеници за читање на снимки – слики од контрола со рентген.

Со отпочнување на втората фаза од проектот, се заокружува и зголемува бројот на земји учеснички во проектот во регионот на Југоисточна Европа каде покрај досегашните три земји Македонија, Србија и Босна и Херцеговина, се приклучуваат и Црна Гора, Албанија и Косово.

[6] Комитет на експерти за евалуација на мерки за борба против перење на пари и сузбивање на тероризам (Committee of Experts on the Evaluation of Anti-Money Laundering Measures and the Financing of Terrorism) – постојано мониторинг тело на Советот на Европа

Во втората фаза ќе се опфатат меѓународните аеродроми Скопје и Охрид, Белград и Ниш, Сараево, Подгорица и Тиват, Тирана и Кукс, како и аеродромот во Приштина.

Службениците од Граничната меѓуагенциска единица во текот на 2025 година учествуваа во повеќе оперативни акции, обуки и регионални активности насочени кон зајакнување на контролите на аеродромите, борбата против дрога, нелегална миграција и трговија со луѓе. Активностите вклучуваа акциски контроли и EMPACT акциски денови на аеродроми, учество во оперативна акција ЕСКОРТ под водство на МВР, студиски и менторски посети на аеродроми во регионот, како и специјализирани обуки и регионални работилници за техники на пресретнување на патници и напредна употреба на API[7] /PNR[8]податоци.

Дополнително, единицата учествуваше на регионални координативни состаноци и управувачки комитети во рамки на програмите на Обединетите нации за контрола на патници и карго во Југоисточна Европа, како и во обуки за новоформирани аеродромски единици во регионот.

При спроведување на своите работни задачи службениците од Граничната меѓуагенциска единица беа ангажирани во повеќе активности на Аеродромот во Скопје:

- 8 случаи на криумчарење цигари на излез
- 2 случаи на криумчарење парфеми
- 4 случаи на нелегална миграција
- 3 депортации заради кршење прописи за престој
- заплена на 1.711 грама златен накит
- заплена на 15.800 евра
- 14 кг златен и сребрен прав, скапоцени камења
- 2 случаи Ролекс часовници
- Криумчарење цигари на излез 1 случај

Во 2025 година постапено е по 2.570 информации – дописи од– APP/PNR единица при МВР.

### *Координирани акции за сузбивање на сива економија*

Царинската управа, во соработка со МВР, извршува контроли на патнички моторни возила ставени во постапка на привремен увоз со целосно ослободување од увозни давачки. Во првиот квартал на 2025 година, пет возила беа привремено одземени заради постапување спротивно на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, а против сопствениците се поднесени барања за поведување прекршочна постапка.

[7] Advanced passenger information - податоци за патник качен на авион

[6] Passenger name record - податоци за разервација и купување на авио билети на кои се врши анализа

Во јуни, во координирана акција со МВР, Царинската управа изврши претрес поради сомнение за недозволена трговија со цигари, што резултираше со кривична пријава.

Во јули, по налог на Јавен обвинител и барање на МВР, Одделението за истраги учествуваше во претрес на правно лице за недозволена трговија со мобилни телефони, при што беше поднесена кривична пријава.

Во декември, заедно со Бирото за јавна безбедност и Агенцијата за пошти, Царинската управа изврши контроли на поштенски оператори, при што е поднесена кривична пријава за пронајдена стока без платени царински давачки.

## *Учество во заеднички активности на царинските истражни служби*

### *Состаноци*

- Состанок на Работната група за проектот Хермес (се однесува на откривање на нелегална трговија со оружје, делови за оружје и муниција во поштенски пратки), одржан на 23.01.2025 година во седиштето на UNODC во Скопје
- Подготвителен состанок за запознавање со планираните активности и целите што треба да се реализираат во рамки на операцијата PANDORA X, организиран од Европол, одржан on-line на 24.09.2025 година
- Подготвителен состанок за запознавање со планираните активности и целите што треба да се реализираат во рамки на операцијата DEMETER XI, организиран од Светската царинска организација и РИЛО[9], одржан on-line во период 9- 11.09.2025 година
- Оперативен состанок меѓу претставници на Царинската управа на Република Северна Македонија и Царинската управа на Република Србија, организиран од СЕЛЕК[10], на тема соработка и размена на информации во врска со сомневања за можни царински измами со акцизни производи, одржан на 10.09.2025 година
- Оперативен состанок меѓу претставници на Царинската управа на Република Северна Македонија и царинската администрација на Република Турција, организиран од СЕЛЕК на тема размена на информации во врска со повеќе откриени случаи на криумчарење наркотични средства, одржан од 15-16.09.2025 година во Охрид
- Работна средба меѓу делегации на Република Северна Македонија и Република Албанија, на тема ревизија на билатералниот Договор за Заеднички контакт центар со Република Албанија, организирана од канцелариите на ОБСЕ[11] во Скопје и Тирана и одржана во Охрид во период од 30.09.-02.10.2025 година

[9] Регионална разузнавачка канцеларија за врски (Regional Intelligence Liaison Offices)

[10] Центар за спроведување на законот во Југоисточна Европа (Southeast European Law Enforcement Center - SELEC)

[11] Организација за безбедност и соработка на Европа (Organization for Security and Co-operation in Europe- OSCE)

- Предоперативен состанок за операцијата NELSON, фокусирана на илегален трансфер на пари преку границите на земјите од Југоисточна Европа, одржан на 11.11.2025 година во Букурешт, Романија, во организација на СЕЛЕК и во соработка со HM Revenue & Customs и National Crime Agency на Велика Британија
- Единаесетти состанок на Работната група за безбедност во контејнерскиот транспорт при SELEC, одржан на 6.11.2025 во Букурешт, Романија

*Работилници*

- Две работилници во врска со примената на новиот Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка, во организација на Канцеларијата на советот на Европа во РСМ, на кои предавачи беа двајца експерти на Советот на Европа (работилниците беа реализирани период од 29 - 30 јануари 2025 година и од 24 - 25 февруари 2025 година)
- Работилница за идентификација на производи за кои постои основано сомневање дека повредуваат права од интелектуална сопственост, одржана во Царинската управа на 26 март 2025 година
- Пред-оперативна Работилница за операцијата STOP 4, одржана во период 26- 27 февруари 2025 година (on line)
- Национален тренинг курс од областа на борбата против тероризмот-спречување, одржан од 9-13 јуни 2025 година во Скопје, во просториите на Центарот за обука на Министерството за внатрешни работи, во организација на Агенцијата за обуки за спроведување на законот на Европската Унија-ЦЕПОЛ, во рамки на втората фаза од регионалниот ИПА проект „Партнерство против криминалот и тероризмот-фаза 2“
- Обука „EMPACT (Европска мултидисциплинарна платформа против закани) циклус 2026-2029“, организирана од Агенцијата за обуки за спроведување на законот на Европската Унија-ЦЕПОЛ, на тема Подигнување на свесноста за EMPACT циклусот, за периодот 2026-2029 година и приоритетите за борба против криминал на ЕУ, како и јакнење на знаењето, улогите и обврските на учесниците (одржана on line на 26 јуни 2025 година)
- Обука на тема **Заштита на културното наследство,** организирана од страна на италијанските карабињери во рамки на твининг проектот „Зајакнување на институционалните капацитети во справувањето со кривични дела против културното наследство и животната средина” (ИПА 2021), одржана во Скопје во период од 15-26 септември 2025 година
- Онлајн работилница PANDORA X Cyber Patrol, во рамки на меѓународната операција PANDORA X, фокусирана на борба против нелегална трговија и криумчарење на културни добра, одржана во период од 27-31 октомври 2025 година
- Обука на тема „Идентификација на ризици со користење на ИТ технологија заснована на вештачка интелигенција“, организирана од Амбасадата на Република Чешка, одржана во Скопје, во Центарот за обуки на Министерството за внатрешни работи, на 9 октомври 2025 година

- Работилница на Национална комисија за мало и лесно оружје (НКМЛО) за изработка на нова Национална стратегија за мало и лесно оружје и Акциски план за 2026-2030 година и за изработка на годишен извештај, одржана на 18 ноември 2025 година

*Конференции, конгреси, симпозиуми*

- Учество на пред-оперативен состанок за операцијата STINGRAY (фокусирана на нелегална трговија со нуклеарни и други радиоактивни материјали), организиран од Светската царинска организација (Брисел, во период 13-16 мај 2025 година), со учество на претставници на царинските администрации од земјите учеснички во операцијата, Interpol, Меѓународната агенција за атомска енергија, Гранични сили на Обединетото Кралство, RILO Источна и Централна Европа.

### *Проверка на документи во рамки на взаемна административна помош по царински прашања*

Одделението за истраги во 2025 година испрати 416 барања до странските царински органи за верификација на докази за потекло издадени од нивна страна. Добиени се 350 одговори, од кои 113 (32.3 %) се негативни, а 55 (15.7 %) се одговори за лажни докази за потекло.

Во врска со дополнителната верификација на докази за потекло издадени од македонски царински органи што се врши по испратени барања од странски царински органи, во текот на 2025 година во Одделението за истраги се пристигнати 72 барања. Во истиот период за 59 барања се испратени одговори до странските царински органи со резултатот од извршената проверка.

Врз основа на административна соработка со странски царински служби, во 2025 година Одделението за истраги прими 17 барања за административна помош, по кои изврши дополнителна проверка на документи приложени кон извозни и транзитни декларации и врз основа на истите не се констатирани неправилности.

Одделението за истраги врши дополнителна проверка на вредност во фактури приложени при увоз во нашата земја, за што во текот на 2025 година кон странските царински органи се испратени 70 барања. Во истиот период добиени се 55 одговори од кои кај 11 одговори се констатирани неправилности.

## *Контрола на трговски друштва*

Во 2025 година се спроведени вкупно 212 контроли и тоа:

- 121 контрола на трговски друштва, со 62 наоди за неправилности. Утврдени се избегнати давачки во вкупен износ од околу 73.94 милиони денари.
- 64 контроли на корисници на ТНГ како погонско гориво или корисници на обележани минерални масла. Произлегоа 22 наоди за утврдени неправилности.
- 9 контроли на одобренија на иматели на акцизни дозволи, одобренија и на трговци на големо и мало со минерални масла, со 4 наоди за неправилности. Утврдени се избегнати давачки во вкупен износ од околу 0.19 милиони денари.
- 18 комбинирани контроли (надворешна и царинска контрола), со 1 наод за утврдени неправилности. Утврдени се избегнати давачки во вкупен износ од околу 1.22 милиони денари.

Споредено со 2024 година кога беа спроведени вкупно 195 контроли на трговски друштва, при што беа утврдени избегнати давачки во вкупен износ од околу 36.38 милиони денари, има зголемување на бројот на контролите за 8,72 % и зголемен износ на утврдени избегнати давачки од 107,12 %.

## *Посебни истражни мерки*

Секторот за посебни истражни мерки е сектор во развој, во тек е функционална анализа на Царинската управа со која треба да се дефинираат надлежностите на секторот во целост. Со започнување со работа на системот SEICO и со имплементација на функционалната анализа, секторот целосно ќе биде оперативен.

***Сектор за посебни истражни мерки-подготовки за оперативно работење:***

- Одржани состаноци со Оперативно-техничката Агенција (ОТА) и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ), јануари 2025 г.
- Соопштени мерките за исполнување на минималните услови за безбедносна акредитација на комуникациско-информацискиот систем „Систем за издавање електронски судски наредби SEICO", сопственост на Оперативно-техничката агенција (ОТА), февруари 2025 г.
- Учество на обука за креирање на забранети зони за летање на воздухоплови без екипаж, организиран од Агенција за цивилно воздухопловство во април 2025 г.
- Учество на работилница за примена на посебни истражни мерки во случаи на кривични дела поврзани со огнено оружје, најдобри практики, предизвици и научени лекции, во мај во Тирана (Албанија)

- Донесено Упатство за физичка безбедност во Секторот за посебни истражни мерки, мај 2025 г.
- Донесено Упатство за работа на системот за видео надзор во Секторот за посебни истражни мерки, мај 2025 г.
- Поставена, инсталирана и тестирана целокупната опрема во сопственост на Оперативно-техничката Агенција (ОТА) во јуни 2025 г.
- Учество на настан на тема „Поддршка и поттикнување на користењето на воспоставениот акредитиран систем за пренос на класифицирани информации: Предности, можности и предизвици", во организација на ОТА и со поддршка на ДЦАФ-Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, јуни 2025 во Скопје -
- Изготвен Акциски план со утврдени активности и рокови за спроведување на истиот, кои произлегоа од настанот на тема: "Поддршка и поттикнување на користењето на воспоставениот акредитиран систем за пренос на класифицирани информации: Предности, можности и предизвици" **, јуни 2025 г**
- По извршените проверки и дадените насоки од страна на ДБКИ, констатирано е дека просториите во Секторот за посебни истражни мерки ги исполнуваат минималните услови за безбедносна акредитација на комуникациско-информацискиот систем „Систем за издавање електронски судски наредби SEICO", сопственост на Оперативно-техничката агенција (ОТА), јуни 2025 г .
- Добиена согласност-акредитација за користење на системот од страна на Оперативно техничката агенција. Со тоа Царинската управа официјално има согласност за ставање во функција на системот за електронско издавање на судски наредби за спроведување на посебна истражна мерка – следење и снимање на телефонските и други електронски комуникации и ракување со класифицирани информации по електронски пат, јули 2025 г.
- Согласно Акцискиот план, Оперативно техничката агенција организираше практична обука на вработените во Секторот за посебни истражни мерки за користење на системот SEICO, ноември 2025 г.

  Во наредниот период од Оперативно техничката агенција се чека официјален допис/потврда дека и обвинителството и судовите се подготвени за користење на системот, со што и практично ќе почне со работа системот за електронско издавање на судски наредби за спроведување на посебна истражна мерка – следење и снимање на телефонските и други електронски комуникации и ракување со класифицирани информации по електронски пат.

### *Контрола на иматели на одобренија*

Службите за надзор на иматели на одобренија (на ниво на секоја царинарница) вршат проверка на исполнувањето на пропишаните услови за поседување на одобренија за поедноставени постапки еднаш на 2 години.

Во 2025 година спроведени се вкупно 127 **документарни контроли:**

- **СНИО Битола** - **10 документарни контроли** за поедноставени постапки за локално царинење увоз или извоз, со откриени мали неправилности во 3 случаи
- **СНИО Штип** – без контроли за поедноставени постапки за локално царинење увоз или извоз, со спроведени 76 документарни контроли на одобренија за постапки со економски ефект, иматели на одобренија за ППЧ, без констатирани неправилности.
- **СНИО Скопје** - 29 **документарни контроли на одобренија за поедноставени постапки,** за преиспитување на одобренија за поедноставени постапки
  Констатирани се неправилности во поглед на неусогласеност на одобренијата во хартија и модулот МЕОС, како и во поглед на застапувани правни субјекти за кои е одобрена поедноставена постапка, а за истите имателите не ја користат и со нивна согласност се изготвени предлози за измена на одобренија.
- **СНИО Куманово** - **4 документарни контроли** на одобренија за поедноставена постапка без неправилности
- **СНИО Гевгелија** - без контроли за поедноставени постапки за локално царинење увоз или извоз, со спроведени **8 документарни контроли** на одобренија за постапки со економски ефект, увоз за облагородување и иматели на одобренија за ППЧ.

Според процедурата за вршење на теренски контроли на иматели на одобренија, **службите СНИО спроведоа вкупно 297 теренски контроли (284 плански и 13 вонредни) на иматели на одобренија:**

- **СНИО Скопје** - **101 редовни и 3 вонредни** теренски контроли на одобренија за постапки со економски ефект и иматели на одобренија за ППЧ
  Како резултат од спроведените контроли за непочитување на обврски на иматели на одобренија и постапување спротивно на царинските прописи **изготвени се 215 записници за царински прекршок за 27 правни лица.**
- **СНИО Битола** - **55 теренски контроли** (42 плански контроли и 3 вонредни контроли на одобренија за постапки со економски ефект и 10 плански контроли за поедноставени постапки за локално царинење увоз или извоз**), со откриени неправилности во 44 случаи** (во 41 случај неправилности откриени кај одобренија со економски ефект, а во 3 случаи неправилности констатирани кај одобренијата за поедноставени постапки за локално царинење за увоз или извоз)
  10-те контроли за поедноставени постапки за локално царинење за увоз и извоз се спроведени и како документарни и како теренски.

- **СНИО Штип** – 90 теренски контроли на одобренија за постапки со економски ефект, иматели на одобренија за ППЧ (3 вонредна и 87 плански контроли)
  Откриени неправилности во 5 случаи.
- **СНИО Гевгелија – 32 теренски контроли (28 плански и 4 вонредни) на одобренија за постапки со економски ефект, иматели на одобренија за УО,ЦС,ПТТ**
  Откриени неправилности во 5 случаи.
- **СНИО Куманово – 16 теренски контроли (16 плански)** на иматели на одобренија за увоз за облагородување, царинско складирање и поедноставени постапки, без откриени неправилности

Теренски контроли на иматели на одобренија-извршени од Служби за надзор на иматели на одобренија во 2025 година

| СНИО | Број на извршени теренски контроли | | | Вид на одобренија за поедноставени постапки за кои е извршеа теренска контрола (УО, ИО, ЦС, ППЧ, ПП, ПТТ) | Број на случаи во кои се констатирани нерегуларности | Дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг/акциза | | Враќање на повеќње пресметан царински долг/акциза | | Број на случаи на иницирана дополнителна проверка и верификација на веродостојноста на документи | Број на случаи на иницирана прекршочна постапка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Иницијални контроли | Вонредни контроли | Плански контроли | | | Број на случаи | Износ (ден) | Број на случаи | Износ (ден) | | |
| Снио Скопје | 121 | 3 | 101 | УО, ИО, ЦС, ППЧ, ПТТ | 0 | 7 | 815.058,00 | 0 | 0 | 1 | 215 |
| СНИО Куманово | 1 | 0 | 16 | УО,ЦС,ПП | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| СНИО Штип | 20 | 3 | 87 | УО, ИО, ЦС, ППЧ, ПТТ | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| СНИО Битола | 3 | 3 | 52 | ЦС, ПТТ,УО,ПП | 44 | 7 | 643.144,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| СНИО Гевгелија | 8 | 4 | **28** | УО, ЦС, ПТТ | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | 153 | 13 | 284 | | 54 | 14 | 1.458.202,00 | 0 | 0 | 1 | 220 |

УО-Увоз за облагородување, ИО-Извоз за облагородување, ЦС-Царинско складирање, ППЧ-Привремено чување, ПП-поедноставени постапки, ПТТ-Повластен тарифен третман крајна употреба, СНИО-Служба за надзор на иматели на одобренија

| Контроли на декларации во поедноставени постапки 2025 година | Извршени контроли | Утврдени неправилности |
|---|---|---|
| **Царинарница Битола-вкупно** | 319 | 21 |
| Царинска испостава Битола | 68 | 2 |
| Царинска испостава Прилеп | 96 | 2 |
| Царинска испостава Охрид | 62 | 5 |
| Царинска испостава Струга | 93 | 12 |
| **Царинарница Штип-вкупно** | 273 | **0** |
| Царинска испостава Велес | 98 | 0 |
| Царинска испостава Штип | 162 | 0 |
| Царинска испостава Делчево | 13 | 0 |
| **Царинарница Гевгелија-вкупно** | 530 | **1** |
| Царинска испостава Струмица | 44 | 0 |
| Царинска испостава Гевгелија | 19 | 0 |
| Царинска испостава Кавадарци | 467 | 1 |
| **Царинарница Скопје-вкупно** | 2275 | 55 |
| Царинска испостава Скопје 1 | 456 | 39 |
| Царинска испостава Скопје 2 | 983 | 2 |
| Царинска испостава Скопје 3 | 62 | 0 |
| Царинска испостава Скопје 4 | 266 | 13 |
| Царинска испостава Аеродром | 92 | 0 |
| Царинска испостава Тетово | 29 | 1 |
| Царинска испостава Слободна зона | 387 | 0 |
| **Царинарница Куманово-вкупно** | 102 | **0** |
| Царинска испостава Табановце-Автопат | 0 | 0 |
| Царинска испостава Куманово | 102 | 0 |
| **Вкупно (сите царинарници)** | 3499 | 77 |

## *Документарна и физичка контрола при царинење*

Во 2025 година, контрола при извоз и увоз е спроведена на 23,12% од царинските декларации. При извршената контрола **неправилности се утврдени кај 23,07% од контролираните царински декларации**:

- документарна контрола при извоз и увоз била спроведена на 9,53 % од царинските декларации. Со извршената контрола неправилности се утврдени кај 1,67 % од контролираните царински декларации.
- физичка контрола при извоз и увоз била спроведена на 13,58 % од царинските декларации. Со извршената контрола неправилности се утврдени кај 38,1% од контролираните царински декларации.

### *Извршени контроли во патнички промет*

Во 2025 година извршени се вкупно **47.195 контроли во патнички промет.**
Контролирани се вкупно 8.159 патници, 25.094 патнички возила, 2.257 автобуси, 11.390 камиони, 150 авиони, 143 возови, 2 брода.

Во 2025 година **од вкупно спроведените 47.195 контроли**, **утврдени се неправилности во 2.042 случаи** (4,33% од вкупно спроведените контроли). Споредбено со контролите во минатата 2024 година, вкупниот број на утврдени неправилности е зголемен за 85,13%.

| Вид на утврдени неправилности во патнички промет | | |
|---|---|---|
| | 2024 | 2025 |
| Записници за девизни прекршоци | 23 | 31 |
| Записници за царински прекршоци | 325 | 442 |
| Кривични пријави | 33 | 67 |
| Записници за повреда на права од интелектуална сопственост | 46 | 48 |
| Мандатни казни | 676 | 1.452 |
| Изјава за откажување во корист на државата | / | 2 |

Во 2025 година се регистрирани 413 случаи на заплена на разна стока (410 случаи во 2024 година)

| Поголеми реализирани случаи на заплена | 2025 | | 2024 | |
|---|---|---|---|---|
| Стока | Вкупно случаи | Вкупна количина | Вкупно случаи | Вкупна количина |
| Дрога и психотропни супстанци (kg) | 9 | 318,48 | 5 | 41,26 |
| Фалсификати (парчиња) | 48 | 36.726 | 45 | 66.337 |
| Цигари (парчиња) | 40 | 1.311.079 | 54 | 300.495 |
| Други тутунски добра (kg) | 14 | 314 | 11 | 1.356 |
| Алкохол (литри) | 4 | 71 | 4 | 142,5 |
| Девизи | 26 | 318.985 ЕУР | 25 | 173.125 ЕУР<br>185.000 НОК<br>24.800 УСД<br>4.000 ШФ |
| Злато (kg и парчиња) | 10 | 3,773 кг<br>20 па | 11 | 6,693 кг<br>30 па |
| Лекови (парчиња и kg) | 21 | 9.966 па | 9 | 13.306 па<br>1.695 кг |
| Суплементи (парчиња и kg) | 9 | 3.347 па | 9 | 4.399 па<br>10.604 кг |

## *Одделение за оперативни работи (мобилни царински тимови)*

| Детален приказ на заплени - Одделение за оперативни работи | | |
|---|---|---|
| Период | 2024 година | 2025 година |
| Прекршок (царински и акцизен) | 119 | 147 |
| Кривично дело | 18 | 28 |
| Девизен прекршок | 12 | 14 |
| Интелектуална сопственост | 40 | 39 |
| Издавање на мандатен платен налог | 4 | 43 |
| ВКУПНО ЗАПЛЕНИ | 193 | 271 |

***Во Службата за мобилни тимови од декември 2025 година се ангажирани две дополнителни кучињаза детекција, донирани од Царинската служба на Кореја.***

Пред нивното пристигнување, договорено во рамки на билатерална помош и соработка, претходеше оценска мисија спроведена од инструктори од Центарот за обука на кучиња за детекција при Царинската служба на Кореја во поглед на исполнетост на стандардите за нега и чување на царински кучиња за детекција, секојдневни активности за контрола со помош на кучиња, односот помеѓу водичите на кучиња и царинските кучиња со јакнење на доверба, секојдневни вежби за кондициона способност за детектирање, одмор, стандарди и услови за транспорт, исхрана, нега и надзор од страна на ветеринарна служба. Добиената позитивна оценка беше предуслов за предавање на кучињата.

Уште во првиот месец по вклучувањето на двете нови кучиња во мобилните тимови, зајакнатите капацитети резултираа со успешна акција при која беше откриено и запленето поголемо количество кокаин, со помош на едно од донираните кучиња од Кореја

### *Позначајни заплени*

- 188.363 грама опојна дрога марихуана запленета од мобилен тим во соработка со царински службеници на граничниот премин Богородица, во товарно моторно возило со македонски регистарски ознаки со кое се превезувала отпадна хартија од Косово за Турција;
- 17.940 грама сребрен накит и 180 парчиња парфеми од по 100 милилитри, со вкупна вредност од 1.179.789,42 денари, откриени на граничниот премин Богородица, во патничко моторно возило со косовски регистарски ознаки.
- 50 кутии лекови-шишенца Gemtu 1000 mg, 30 кутии со стероиди таблети Danamax Methandrostanolone 10 mg, 145 пакувања стероиди во ампули Decamax D200 200mg, ампули Equiamax B200 200 mg, ампули Testomax E250 250 mg, ампули Testomax C200 200 mg, ампули Primomax P100 100 mg и 19 таблети Andromax Oxymetholone 25 mg, со вкупна вредност од 675.662 денари, откриени на граничниот премин Деве Баир, во товарно моторно возило со косовски регистарски ознаки натоварено со панели и лим превезувани од Турција за Косово;
- 16 женски брендирани чанти со вкупна вредност од 2.220.768 денари, пронајдени кај македонски државјанин кој допатувал од Франција на Аеродромот Скопје.
- Одземени патничко моторно возило Ауди 5 и автобус NEOPLAN Cityliner во два посебни случаи на ГП Табановце и ГП Деве Баир заради пронајдени специјално направени бункери за криумчарење на стоки;
- Во девет одделни случаи запленети се поголеми количини златен и сребрен накит, златни и сребрени монети, како и индустриско злато и сребро:
  - 200 грама златен накит и вкупна вредност од 600.000 денари откриени на граничниот премин Табановце – Автопат во личниот багаж на шведски државјанин,

- 5.392,7 гр. сребрен накит и 1.000 гр. сребрени шипки во вкупна вредност од 386.517 денари пронајдени при детална контрола на товарно моторно возило со македонски регистарски таблички на ГП Богородица,

- 1.711,1 гр. златен накит во вкупна вредност од 29.583.747 денари пронајдени при контрола на куфер на патник на Аеродром Скопје.

- 5 златни монети, 10 парчиња индустриско злато, 7 сребрени монети и 1 парче индустриско сребро во вкупна вредност од 1.758.771 денари откриени при контрола на патничко моторно возило со странски регистарски таблички, пријавено за влез во државата на ГП Пелинце,

- 3.442 гр. сребрен накит во вкупна вредност од 317.525 денари пронајдени при контрола на патничко моторно возило со македонски регистарски таблички, пријавено за влез во државата на ГП Богородица,

- 589 гр. златни монети и накит во вкупна вредност од 3.467.384 денари откриени при редовна контрола на автобус на ГП Деве Баир,.

- 308 грама златен накит со вкупна вредност од 1.846.389 денари, пронајдени при контрола на личен багаж и личен претрес на два патника во автобус на турска компанија на ГП Богородица,

- 5 парчиња златни белегзии со вкупна вредност од 346.049 денари пронајдени при контрола на личен багаж на патник на ГП Стење,

- 584 грама златен накит со вкупна вредност од 3.144.230 денари, отркиени при контрола на патничко моторно возило со странски регистарски таблички, пријавено за влез во државата на ГП Јажинце,

- 11 златни монети во вкупна вредност од 417.662,00 денари, откриени при контрола на патник во автобус на влез на ГП Богородица,

Останато:

- 23.000 кг. Dioctyl Terephthalate (хемикалија која се користи во процесот на изработка на кабли), во вкупна вредност од 26.588 евра при рутинска контрола на товарно моторно возило на ГП Деве Баир, .
- 5.360 парчиња материјали за тетовирање, откриени во возило со македонски регистарски таблички во ЦИ Гевгелија,
- 322 шишиња инсектициди CORAGEN 20 SCI  со вкупна вредност од 987.595.00 денари, при детална контрола на патничко моторно возило на ГП Меџитлија,
- 78 килограми тутун за пушење со наргиле, со вредност од 302.640,00 денари, пронајдени во патничко моторно возило при контрола на ГП Блаце,
- 5.472 парчиња лекови во вкупна вредност од 902.572,00 денари,
- 171 штеки цигари без акцизни маркички, со вредност од 230.850,00 денари, откриени во внатрешноста на државата.

### *Истражни контроли*

Во повеќе контроли инспектори од Одделението за истраги при Царинската управа открија серија случаи на царинска измама, погрешно тарифирање и непријавен увоз со намера за избегнување давачки во вкупни износи од неколку милиони денари, за што се поднесени кривични пријави. На граничните премини беа запленети големи количества тутун за наргиле, фотоопрема, индустриски алати, часовници со сомнеж за повреда на интелектуална сопственост, парфеми, лекови, пиротехника, цигари и електронски цигари, како и 129 килограми марихуана.

### *Спречување на недозволен влез/излез на илегални мигранти*

Во 2025 година откриени се **37 илегални мигранти** на влез во земјата и во внатрешноста, **во 8 случаи**.

Во минатата 2024 година биле откриени 66 мигранти, во 12 случаи.

### *Поднесени кривични пријави*

Во 2025 година поднесени се вкупно **213 кривични пријави**, **против 443 физички лица и 160 правни лица**, за:

- Фалсификување исправа - 85 кривични пријави против 87 физички лица и 26 правни лица;
- Криумчарење - 40 кривични пријави, против 58 физички лица и 7 правни лица;
- Царинска измама - 39 кривични пријави, против 81 физички лица и 61 правни лица;
- Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи - 7 кривични пријави против 8 физички лица;
- Неовластено производство и промет со наркотици - 7 кривични пријави, против 8 физички лица;
- Вршење јавен превоз без поседување лиценца – 3 кривични пријави, против 3 физички лица и 2 правни лица;
- Избегнување на плаќање акциза - 1 кривична пријава, против 1 физичко лице;
- Злоупотреба на службена положба и овластување, Употреба на исправа со невистинита содржина, „Несовесно работење во службата“, „Царинска измама“, „Фалсификување службена исправа“ - 31 кривични пријави, против 197 физички лица и 64 правни лица;

За споредба, во минатата 2024 година беа поднесени 91 кривични пријави, против 124 физички и 47 правни лица.

## Прекршочни постапки

### Изречени и наплатени прекршочни платни налози (по царинарници) во 2025 година

| Царинарница | Записници по царински прекршок | Износ на прекршочни платни налози за физички лица (во евра) | Прекршочни платни налози за физички лица | Физички лица за кои е изречен прекршочен платен налог | прекршочни платни налози за правни лица (во евра) | Прекршочни платни налози за правни лица | Правни лица за кои е изречен прекршочен платен налог | Износ на прекршочни платни налози за одговорни лица (во евра) | Прекршочни платни налози за одговорни лица | Одговорни лица за кои е изречен прекршочен платен налог | Вкупен износ на изречени прекршочни платни налози (во евра) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Царинарница Скопје | 845 | 20.005,00 | 418 | 418 | 146.715,00 | 427 | 217 | 40.550,00 | 417 | 217 | 207.270,00 |
| Царинарница Битола | 350 | 10.248,63 | 278 | 239 | 16.776,00 | 72 | 72 | 4.543,00 | 72 | 72 | 31.567,63 |
| Царинарница Штип | 863 | 39.755,00 | 354 | 354 | 47.750,00 | 509 | 509 | 15.675,00 | 509 | 509 | 103.180,00 |
| Царинарница Куманово | 102 | 4.945,00 | 24 | 24 | 13.365,00 | 78 | 78 | 4.360,00 | 78 | 78 | 22.670,00 |
| Царинарница Гевгелија | 918 | 6.970,00 | 121 | 121 | 66.880,00 | 797 | 797 | 20.500,00 | 797 | 797 | 94.350,00 |
| **Вкупно** | **3.078** | **81.923,63** | **1.195** | **1.156** | **291.486,00** | **1.883** | **1.673** | **85.628,00** | **1.873** | **1.673** | **459.037,63** |

| Царинарница | Наплатени прекршочни платни налози | Износ на наплатени платни налози за физички лица(во евра) | Платени прекршочни платни налози за физички лица | Физички лица кои платиле прекршочен платен налог | Износ на наплатени платни налози за правни лица (во евра) | Платени прекршочни платни налози за правни лица | Правни лица кои платиле прекршочен платен налог | Износ на наплатени платни налози за одговорни лица (во евра) | Платени прекршочни платни налози за одговорни лица | Одговорни лица кои платиле прекршочен платен налог | Вкупен износ на наплатени платни налози (во евра) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Царинарница Скопје | 843 | 12.640,00 | 407 | 407 | 40.210,00 | 218 | 165 | 14.420,00 | 218 | 177 | 67.270,00 |
| Царинарница Битола | 384 | 9.268,63 | 266 | 219 | 13.225,00 | 59 | 59 | 3.612,00 | 59 | 59 | 26.105,63 |
| Царинарница Штип | 1.286 | 19.721,00 | 350 | 350 | 22.875,00 | 468 | 468 | 7.685,00 | 468 | 468 | 50.281,00 |
| Царинарница Куманово | 192 | 2.480,00 | 24 | 24 | 6.700,00 | 90 | 90 | 2.163,00 | 78 | 78 | 11.343,00 |
| Царинарница Гевгелија | 1.715 | 3.485,00 | 121 | 121 | 33.490,00 | 797 | 797 | 10.265,00 | 797 | 797 | 47.240,00 |
| **Вкупно** | **4.420** | **47.594,63** | **1.168** | **1.121** | **116.500,00** | **1.632** | **1.579** | **38.145,00** | **1.620** | **1.579** | **202.239,63** |

| Царинарница | Барања за прекршочна постапка за непочитување на рок за плаќање | Физички лица за кои е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка | Правни лица за кои е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка | Одговорни лица за кои е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка |
|---|---|---|---|---|
| Царинарница Скопје | 253 | 76 | 177 | 177 |
| Царинарница Битола | 22 | 12 | 10 | 10 |
| Царинарница Штип | 45 | 4 | 41 | 41 |
| Царинарница Куманово | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Царинарница Гевгелија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **320** | **92** | **228** | **228** |

*Забелешка:*

***Разликата која што се јавува помеѓу износите на изречените и наплатените прекршочни платни налози се должи на тоа што доколку сторителот, по приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог ја плати глобата во рок од осум дена, ќе плати половина од изречената глоба, согласно член 264 точка 8 од Царинскиот закон.***

***По непочитување на рокот за плаќање се поднесуваат барања за прекршочна постапка до Одделението за прекршочна постапка.***

***Бројот на прекршочни платни налози кај физички лица одговара на бројот на записници за царински прекршоци врз основа на кои се изречени прекршочни платни налози. Кај правните лица бројот на прекршочни платни налози е поголем од бројот на записници за царински прекршоци бидејќи се изготвуваат посебни прекршочни платни налози за правни лица и посебни прекршочни платни налози за одговорни лица кај правните лица.***

***Во однос на изречени и наплатени прекршочни платни налози - по царинарници има несовпаѓање на бројот на изречени прекршочни платни налози на правно лице во однос на изречени прекршочни платни налози на одговорно лице во правно лице затоа што се работи за правни лица кои што во меѓувреме се избришани од регистарот на правни лица. Исто така бројот на изречени прекршочни платни налози на правно лице не се совпаѓа со бројот на правни лица за кои е изречен прекршочен платен налог затоа што за определени правни лица се изречени повеќе прекршочни платни налози. Бројот на изготвени записници по царински прекршоци е поголем од збирот на наплата на прекршочни платни налози и барања за поведување на прекршочна постапка за непочитување на рок за плаќање бидејќи некои прекршочни платни налози сеуште имаат рок за плаќање.***

## Прекршочни постапки по кои постапува Одделението за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок

Прекршочните постапки ги води прекршочен орган на Царинската управа – Одделение за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок.

Во 2025 година во Одделението за прекршочна постапка заведени се 1.301 предмет. Споредено со 2.031 предмети во минатата година, може да се заклучи дека бројот на предмети во 2025 година е намален, меѓутоа предметите во 2024 година произлегуваат од ист траен однос и се однесуваат на неколку исти сторители на прекршок и за повеќето од нив е извршено спојување на постапката.

Одделението за прекршочна постапка - Комисија за одлучување по прекршок при Царинската управа во 2025 година реши вкупно 1.477 предмети, од кои во редовна постапка 1.460 предмети и во повторна постапка 17 предмети. Изречени се глоби во вкупен износ од 183.921 евра. Од предметите решени во 2025 година, 1.440 се царински прекршоци, 35 се девизни прекршоци и 2 акцизни прекршоци.

| **Прекршочни постапки** | Вкупно 2025 | |
|---|---|---|
| | 2024 | 2025 |
| **Во редовна постапка** | 1780 | 1.460 |
| **Во постапка на повторно постапување** | 18 | 17 |
| **Вкупно решени прекршочни предмети** | 1798 | 1.477 |
| **Вкупен износ на изречени глоби по прекршочни постапки (во евра)** | 96.963 | 183.921 |

### *Учество во заеднички меѓународни операции и акции*

Во 2025 година царинските службеници зедоа активно учество во:

- Меѓународна операција STINGRAY (10-27 јуни 2025г), организирана од Светската царинска организација, фокусирана на нелегална трговија со нуклеарни и други радиоактивни материјали.
- Меѓународна операција STOP IV (12- 30 мај 2025 г. ), организирана и координирана од Светската царинска организација, насочена кон откривање на лажни или супстандардни лекови, како и на сите други производи за секојдневна потрошувачка кои можат да ги нарушат правата на интелектуална сопственост и особено производите за широка потрошувачка кои влијаат на здравјето и безбедноста на граѓаните.
- Меѓународна операција ARMSTRONG XI, (15 - 19 септември 2025 г) организирана во рамки на EMPACT FIREARMS иницијативата на ЕВРОПОЛ, фокусирана на борба против нелегалната трговија со оружје, делови за оружје и муниција во поштенски пратки и брзи пратки,
- Меѓународен проект GLOBAL SHIELD организиран од Светската царинска организација, фокусиран на следење на увоз, транзит и извоз на хемикалии, прекурзори, детонатори, дронови и други компоненти кои може да се користат за изработка на импровизирани експлозивни направи. Претставници на СЦО го презентираа системот CEN com, кој ќе служи како платформа за размена на информации и координација на учесниците за време на операцијата.
- Меѓународна операција DEMETER XI во две фази (6 -26.10.2025 г. и 17-30.11.2025 г.), организирана од Светската царинска организација, фокусирана на нелегални пратки со пластичен, електронски и текстилен отпад, супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка и флуоројаглеводороди.

### *Заштита на правата од интелектуална сопственост*

Со цел ставање во функција на модулот за IPR во рамките на електронскиот Систем за обработка на царински и акцизни документи (СОЦДАД), извршени се тестирања на модулот за управување со економски оператори (MEOS) за поднесување на барања за преземање на царински дејствија и модулот за заштита на правата од интелектуална сопственост (IPR). Со овие електронски модули ќе се овозможи електронско поднесување на барања за преземање на царински дејствија од страна на носителите на права, како и електронска комуникација со организационите единици во Царинската управа во врска со привремено задржаната стока.

Со континуираната соработка со застапниците на носителите на права на трговските марки, во 2025 година се реализираа 10 обуки со 192 слушатели, на кои царинските службеници се запознаа со новите трендови на фалсификување. Обуките се одржаа во просториите на Царинската управа во Скопје, Царинарница Гевгелија, Царинарница Битола, ЦИ Табановце во Куманово, како и во просториите на едукативниот центар на Халк банка во Скопје.

Во 2025 година прифатени се 91 нови барања за преземање на царински дејствија за заштита на права од интелектуална сопственост, со што бројот на активни прифатени барања е 205 и истите се однесуваат на 1.230 трговски марки.

Во 2025 година задржани се вкупно 131.508 парчиња стока врз основа на сомневање за повреда на право од интелектуална сопственост, во вкупно 82 случаи. Повредени се права на 77 трговски марки. За 36.726 парчиња, носителите на права потврдија е дека повредуваат право на интелектуална сопственост.

Структура на стоката која повредува право на интелектуална сопственост:

- 6.212 парчиња парфеми
- 7.004 пара обувки
- 6.248 парчиња облека
- 7.048 маски и држачи за мобилни телефони, џоистици за PLAY STATION
- 2.147 парчиња детски играчки, роденденски свеќи, налепници
- 852 парчиња бижутерија, очила за сонце, ножици за потстрижување
- 1.947 парчиња чанти, ранци, куфери, паричници, ремени, лого амблеми
- 1.318 парчиња часовници, огледала, маса, теписи
- 2.000 парчиња прашок за перење и
- 1.950 парчиња хартиени и текстилни етикети

Фалсификуваните производи се со потекло од Турција и Кина.

## *Други забрани и ограничувања*

Редовно се следи законската регулатива во врска со мерките на трговската политика поврзани со безбедноста, зачувување на здравјето на луѓето, животните и растенијата, заштита на животната средина и природата, заштита на националното богатство со уметничка, историска или археолошка вредност, стоките со двојна употреба и други соодветни мерки на трговска и девизна политика. Се даваат насоки за нивна примена во царинската постапка.

Иницирана е постапка за дефинирање на постапка за претходно известување (PIC -Prior Informed Consent Procedure) за одредени хемикалии согласно новата Одлука за менување и усогласување на Царинската тарифа за 2025 година со која се воведени нови тарифни ознаки, со цел прифаќање на препораката на Светската царинска организација за воведување на тарифни ознаки за контрола на материи од Ротердамската конвенција. Овие ознаки се без никаква контрола во царинскиот систем ИТО, а согласно одредбите на Конвенцијата, потребна е нотификација и контрола при извоз. Во тек е координација и усогласување со надлежните институции Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Фитосанитарна управа.

## *Други активности за заштита ориентирани кон зачувување на природата*

Во делот на заштита на природата во рамките на **проектот „Подобрување на капацитетите за Натура 2000 и CITES“** се преземаат активности за спроведување на директивите на ЕУ за заштита на природата (Директива за живеалишта и Директива за птици), како и Регулативата CITES за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора.

На национално ниво е формирана работна група во која учествува и Царинската управа, во компонентата за CITES која има за цел да се постигне целосна усогласеност на националното законодавство со Регулативата на ЕУ и Конвенцијата CITES за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора. Изготвена е нацрт верзија на Законот за прекугранично движење и трговија со диви видови, како и на подзаконските акти. Исто така, изготвен е посебен софтвер за издавање дозволи за трговија, кој ќе почне да се применува откако ќе се донесе законот. Обврска на Царинската управа согласно овој предлог закон е контрола на прекуграничното движење на диви видови (меѓународна трговија со загрозени видови на дивата флора и фауна).

### *Активности за воведување на механизам за прилагодување на јаглеродна граница*

Механизмот за прилагодување на јаглеродната граница (CBAM) е инструмент на политиката за животна средина што го користи Европската Унија (ЕУ) и нејзините земји-членки за справување со истекувањето на јаглерод и промовирање на одржливоста на животната средина во рамките на ЕУ и на глобално ниво. Во согласност со амбициите на ЕУ за намалување на емисиите на стакленички гасови (GHG) и целта да стане јаглеродно неутрална до 2050 година, ЕУ ја воведе Регулативата CBAM 2023/956 во мај 2023 година (во понатамошниот текст регулатива CBAM).

Оваа регулатива наметнува јаглеродна такса за производи увезени во ЕУ од трети земји, врз основа на емисиите на јаглерод поврзани со нивното производство. На 1 октомври 2023 година започна имплементацијата на преодната фаза на CBAM и во текот на оваа фаза, увозниците на стоки опфатени со регулативата (т.е. производи како што се: железо, челик, алуминиум, ѓубрива, електрична енергија, цемент и водород) се обврзани да ги пријават само емисиите на стакленички гасови вградени во нивните производи. Сепак, почнувајќи од 1 јануари 2026 година, кога ќе започне дефинитивниот режим на CBAM, овластените декларанти од ЕУ (увозници на CBAM производи) ќе бидат обврзани да купуваат и да предаваат CBAM сертификати што одговараат на вградените емисии на јаглерод на стоките увезени во ЕУ. Цената на овие CBAM сертификати ќе биде поврзана со цената на јаглеродните дозволи на Системот за тргување со емисии на ЕУ (EU ETS).

Регулативата CBAM ќе има значително влијание врз македонската индустрија, особено во секторите за производство на железо, челик и алуминиум, со оглед на нивниот обем на извоз во ЕУ и нивниот придонес кон БДП на земјата. Пред формалното стапување во сила на режимот CBAM на 1 јануари 2026 година, Владата на Република С. Македонија ќе треба да усвои институционални и законски мерки за да обезбеди оптимален одговор на регулативата CBAM. Во опција се две можни сценарија: сценарио на статус кво (никаква

акција преземена од националните власти) и сценарио на Владина акција, кое предвидува воспоставување данок на јаглерод и систем за следење, известување, верификација и акредитација (MRVA).

Заради одбегнување на двојно плаќање и поттикнување на напорите за декарбонизација во трети земји, јаглеродниот надоместок платен во ЕУ може да се намали доколку таков надоместок е платен во државата извозник-Република С. Македонија. За исполнување на тие цели треба:

- да се донесе Законот за климатска акција;
- да се изготват и усвојат подзаконските акти за МРВА;
- да се воспостават организациски единици за мониторинг и известување и за издавање на дозволи за стакленички гасови во рамки на МЖСПП.

Од аспект на Царинската управа значајно е дали ќе се воведе јаглеродна такса само за компании во Р.С. Македонија, туку и за компаниите од увоз. Во тој случај ќе биде неопходно воспоставување на правна и организациска структура за CBAM во Царинската управа и проценка на потребите и организациски промени. Од друга страна CBAM регулативата е дел од Поглавјето 29 - Царинска унија во преговорите со ЕУ, кое го раководи Министерството за финансии - Царинска управа и во процесот на преговори со ЕУ треба да се обезбеди соодветно усогласување на националното законодавство со CBAM регулативата.

На 8 октомври 2025 г. Европската унија ја усвои изменетата Регулатива (ЕУ) 2025/2083, со која се поедноставува и зацврстува примената на Механизмот за прилагодување на јаглеродната граница (CBAM). Со новите правила се поедноставува административната постапка за малите увозници, се појаснуваат методологиите за известување и пресметка на вградените емисии, и се појаснуваат финансиски обврски за CBAM сертификатите, со ревидирани рокови за тргување и предавање на сертификатите, нови прагови кои ќе ги ослободат малите и ниско обемни увозници од дел од административните обврски и ќе се поедностават процесите за следење, известување и верификација на емисиите. Потврден е и транзициски период како привремена фаза на известување (која ќе трае до крајот на 2025 г.) кон целосна примена на CBAM, при што финансиските обврски и издавањето сертификати ќе започнат во периодот 2026–2027 година Поради овие промени, се препорачува итно координирано дејствување на релевантните институции со цел да се утврди потребата, итноста и финансиските и организациони можности за што поскоро воведување на системот на јаглероден надоместок.

Согласно заклучокот на Владата на Р.С. Македонија, а во врска со информацијата за Механизмот на јаглеродно гранично прилагодување (CBAM) формирана е Работна група за имплементација на механизмот. Поради следење на спроведувањето и претстојното воведување на Механизмот за јаглеродно гранично прилагодување (CBAM), во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини се одржа прв состанок на Работната група посветен на разгледување на актуелната состојба, регулаторната рамка и

националните обврски поврзани со CBAM, како регулаторен инструмент на Европската унија, со посебен акцент на импликациите врз електричната енергија и индустриските сектори од значење за Република Северна Македонија. Механизмот за јаглеродно гранично прилагодување (CBAM) започнува со целосна примена од 1 јануари 2026 година, како регулаторен инструмент на Европската Унија со цел спречување на јаглеродно истекување и обезбедување рамноправни услови на пазарот. CBAM во моментов ги опфаќа електричната енергија, железото и челикот, цементот, алуминиумот и ѓубривата, а се применува во две фази: транзициски период (01.10.2023 – 31.12.2025) со обврска за квартално известување без финансиска наплата и целосна примена од 01.01.2026 година со обврска за купување CBAM сертификати.

Во однос на електричната енергија одложена примена на CBAM е возможна по започнување на процесот на формална верификација на транспонирањето на Electricity Integration Package и тоа исклучиво доколку се исполнети следните предуслови:

- целосно да е завршен процесот на спојување на пазарите на електрична енергија,
- јасно да е поставена целта за климатска неутралност,
- да е воспоставена долгорочната стратегија за климатска акција до 2050.

Во случај на исполнување на наведените услови и формална верификација на транспонирањето на Electricity Integration Package, предвиден е транзициски период во траење од 18 месеци, во кој Република Северна Македонија нема да подлежи на обврските од CBAM за електричната енергија, да се изработи Методологија за пресметка на јаглероден данок, со приоритет за електричната енергија и железото, Државниот завод за статистика да започне со објавување на фактори на емисии во енергетските биланси.

Клучни заклучоци кои произлегоа од состанокот како обврска за наредниот период се следните: да се прифати фактот дека одложување на CBAM нема и институциите да се фокусираат на навремена подготовка, да се финализира и донесе Законот за климатска акција, како основа за сите понатамошни активности, да се изработат и усвојат подзаконските акти и да се обезбеди потребната институционална инфраструктура за воведување и спроведување на MRVA пакетот (согласно Реформската агенда) и да се утврди Методологија за јаглероден надоместок, да се нагласи потребата средствата поврзани со јаглеродните механизми да се насочат кон поддршка на зелени инвестиции и енергетска транзиција.

Од аспект на оперативното воведување на Механизмот на јаглеродно гранично прилагодување (CBAM) беше укажано и на значењето на воспоставување функционален систем за мониторинг, известување, верификација и акредитација (MRVA), како и на потребата од развој на ИТ-системи и регистри, јасно дефинирање на улогата на царинските органи и надлежностите на институциите во зависност од карактерот на Механизмот (увозна давачка или национален инструмент).

## *Организациски и инфраструктурен развој и современо управување со човечки ресурси*

### *Професионална и ефикасна јавна администрација*

### *Проект за зајакнување на капацитетите со помош на Трезорот на САД*

Проектот за зајакнување на капацитетите со експертска помош од Трезорот на САД во кој се вклучени Министерството за финансии, Царинската управа, Управата за јавни приходи и Управата за финансиско разузнавање по шестмесечен прекин, продолжи со активности на 16 јуни 2025 година, согласно донесениот Акционен план.

Во рамки на овој Проект се работи на зајакнување на институционалните капацитети за спроведување ефикасни контроли, правилна примена на прописите и управување со ризиците во царинското работење. Ова се клучни области коишто ќе овозможат елиминирање на сивата економија и корупцијата, како едни од највисоките приоритети на Царинската управа. Во јуни 2025 година беа одржани првите консултативни состаноци.

Во согласност со работниот план за 2025 година, активностите продолжија во втората половина на 2025 година, при што се остварени средби од експертите од US Treasury-OTA за делот на ИТ инфраструктура во Царинската управа, човечки ресурси. Во октомври 2025 година е одржана работилница со царинските службеници од Одделението за контрола на трговски друштва, за формите и начините на вршење на контрола по царинење и можностите и најдобрите практики од експертите за подобрување на вршењето на контролите по царинење.

Во декември 2025 година одржана е обука за раководење со цел да и се помогне на Царинската управа да воспостави и имплементира програма за управување со човечки ресурси заснована на компетенции, вклучувајќи обука и развој, а на која учесници беа раководители од средно раководно ниво (шефови на царински испостави).

За продолжување на активностите на Трезорот на САД, пред крајот на 2025 година беше изготвен и доставен план за активности за 2026 година. По усвојување и потпишување на предложениот план, во 2026 година ќе се реализираат планираните активности.

На крајот на 2025 година во Царинската управа се вработени 1.266. Од вкупниот број вработени 2 лица се со статус на функционери (директор и заменик директор), 1.259 лица се со статус на царински службеници согласно Законот за Царинската управа и 5 лица се со статус на работници согласно Законот за работни односи.

Во однос на стручната подготовка, од вкупниот број вработени 5 се доктори на науки, 75 се магистри, 726 се со високо образование, 5 се со вишо образование, 452 се со средно

образование и 3 вработени се со образование од друг вид. Ова значи дека 63.66% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.

Во однос на половата застапеност, од вкупниот број вработени во Царинската управа 927 се мажи и 339 се жени.

### *Вработување*

Во 2025 година Царинска управа ангажираше 128 лица преку јавен оглас на определено време и 18 лица на неопределено време, преку јавен оглас преку Агенција за администрација.

Во овој период времено се унапредени 20 царински службеници.

Врз основа на интерен оглас спроведен во Царинска управа, во 2025 година, 159 царински службеници се унапредени.

### *Дисциплински постапки*

Во 2025 година во Царинската управа беа поднесени и реализирани 89 предлози за дисциплински постапки.

Во 14 случаи се запира постапката поради отказ.

Во 21 случаи постапката е запрена по друг основ.

Во 13 случаи донесени се отказни решенија.

Со 17 решенија постапката се запира поради неутврдена одговорност .

Донесени се 7 решенија за парична казна „намалување на плата за 15%" во траење од 6 месеци, 1 решение за парична казна „намалување на плата за 15%" во траење од 4 месеци, 10 решенија за парична казна „намалување на плата за 15%" во траење од 3 месеци, 6 решенија за парична казна „намалување на плата за 15%" во траење 2 време од месеци.

### *Престанок на работен однос*

Во 2025 година Царинската управа донесе:

- 26 решенија за престанок на работен однос по основ на старосна и инвалидска пензија
- 11 решенија за престанок на работен однос по основ на даден отказ од Царинска управа
- 5 решенија за престанок на работен однос по настаната смрт
- 8 решенија за престанок на работен однос по барање на работник

### *Обуки*

Во 2025 година Царинската управа спроведе **200 обуки**, на кои учествуваа **2.391 царински службеници**. Бројот на учесници и времетраењето на обуките покажуваат дека за секој вработен обезбедена е обука во времетраење од 13 часа.

657 вработени учествувале во најмалку една обука, односно 51,9% од вкупниот број на вработени.

За стекнување на подобри знаења и вештини во доменот на царинското работење, царинските службеници посетуваа обуки на следниве теми:

- Заштита на правата од интелектуална сопственост,
- Интегритет,
- Финансиски истраги,
- Царинска вредност на стока,
- Користење на Системот за анализа на ризик и податочен склад и други.

## *Спроведување на мерки за спречување на несоодветно и коруптивно однесување и развој на системи на правила и контрола*

Царинската управа е посветена на градење на капацитетите и поддршка на сите вработени во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од стандардите за интегритет, во насока на законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работните задачи. Соодветно на тоа се преземаат и мерки за надминување на ризиците кои го загрозуваат интегритетот на институцијата, односно мерки за спречување на несоодветно и коруптивно однесување, како и мерки за развој на системи на правила и контрола.

Во 2025 година:

- Донесена Стратегија за интегритет и борба против корупција во Царинската управа 2025-2028 и Акционен план за нејзино спроведување
- Одговорен прашалникот на Државната комисија за спречување на корупција кој се однесува на имплементација на системот за интегритет за 2025 година
- Учество по повод одбележувањето на Меѓународниот ден за борба против корупцијата организирана од страна на Транспаренси Интернешнл-Македонија
- Реализирана кампања „Давањето поткуп не е решение“ (со нови летоци) во сите царинарници и испостави
- Спроведување на редовна кампања „СТОП ЗА КОРУПЦИЈА“ за зголемување на свеста за опасностите кои ги носи корупцијата

**Воведување на систем за телесни камери за царинските службеници на граничните премини**

Со донација од Амбасадата на Соединетите Американски Држави преку програмата ICITAP, царинските службеници на граничните премини ќе бидат опремени 24 часа со телесни камери. Камерите овозможуваат снимање докази во реално време, а снимките може да се споделат со други агенции за спроведување на законот, во насока на спроведување на поширoки истраги или постапки. Во првата фаза, веќе се финализира постапката за обезбедување на 30 телесни камери и целосната останата потребна опрема за пренесување на снимениот материјал, како и складирање и репродукција на истиот на централна локација.

Во 2025 година, врз основа на Планот на активности на Секторот за професионална одговорност, примените поплаки кои се однесуваат на незаконито и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија 197 во кои се содржани наводи за непрофесионално однесување на царински службеници, како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа, **спроведени се 75 внатрешни истраги и со 25 извештаи се утврдени неправилности во постапувањето на царинските службеници**. Во врска со постапувањето согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа, **извршени се 54 внатрешни контроли,** при што **со 26 извештаи се утврдени неправилности во постапувањето на царинските службеници.**

| 2025/месец | Внатрешни истраги | Неправилности | Внатрешни контроли | Неправилности |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 4 | 4 | 5 | 3 |
| Февруари | 11 | 5 | 5 | 0 |
| Март | 10 | 4 | 2 | 1 |
| Април | 11 | 3 | 5 | 2 |
| Мај | 4 | 0 | 5 | 3 |
| Јуни | 3 | 0 | 5 | 3 |
| Јули | 4 | 4 | 6 | 3 |
| Август | 7 | 1 | 5 | 3 |
| Септември | 6 | 1 | 5 | 2 |
| Октомври | 3 | 1 | 6 | 4 |
| Ноември | 6 | 1 | 3 | 2 |
| Декември | 6 | 1 | 2 | 0 |
| Вкупно: | 75 | 25 | 54 | 26 |

Согласно обврската по склучување на договор за вработување со Царинската управа или по престанок на работниот однос службените лица од Царинската управа да доставaт пополнет анкетен лист до Секторот за професионална одговорност, во 2025 година

евидентирани се: 116 царински службеници кои доставиле анкетен лист, 39 кои доставиле образец за промена на имотната состојба, додека 116 царински службеници поднеле изјави за интереси.

| 2025/месец | Анкетен лист | Промена на имотна состојба | Изјава за интереси |
|---|---|---|---|
| Јануари | 7 | 5 | 1 |
| Февруари | 10 | 3 | 7 |
| Март | 12 | 4 | 3 |
| Април | 3 | 7 | 0 |
| Мај | 2 | 5 | 0 |
| Јуни | 14 | 1 | 16 |
| **Јули** | 44 | 2 | 44 |
| **Август** | 48 | 2 | 42 |
| **Септември** | 3 | 2 | 3 |
| **Октомври** | 0 | 1 | 0 |
| **Ноември** | 1 | 5 | 0 |
| **Декември** | 4 | 2 | 0 |
| **Вкупно:** | 148 | 39 | 116 |

Беше ревидиран и изработен нов **Регистар на ризични точки во царинското работење подложни на корупција за сите 4 квартали од 2025 година и Регистар на најчести грешки и пропусти во севкупното работење на Царинската управа за јануари-декември 2024 година,** кои се користат како корисни алатки за перманентно и ефикасно справување со можните кршења на царинското законодавство преку вршење на интерни контроли, а со тоа и за превенција од корупцијата.

### *Модернизација на инфраструктурата на граничните премини*

Безбедноста и модернизацијата на инфраструктурата останува национален приоритет, со цел зголемување на безбедноста на граѓаните, посилна економија и скратување на времето за транспорт и логистика. Во таа насока се преземаат активности за:

1. Подобрување на квалитетот на услугите и условите за работа на економските оператори и царинските службеници преку подобрување на инфраструктурата на граничните премини;
2. Воведување на автоматизиран систем за управување со терминалите на граничните премини;
3. Замена на старата и поставување на нова опрема (нови ваги, агрегати, рампи);
4. Подобрување на енергетската ефикасност на објектите;

5. Замена на постоечките системи за ладење и греење во објектите со нови еколошки;
6. Поставување на опрема-панели за производство на електрична енергија на објекти на Царинската управа;

### *Тековни проекти за реконструкција на граничните премини и терминали:*

### *Проекти со поддршка на Инструментот за претпристапна помош (ИПА)*

- Проект за **изградба на граничниот премин Маркова Нога** (финансиран од **ИПА 3** национална програма – 2021, во рамки на Акцискиот документ од националната ИПА за 2021 година „ЕУ за Преспа")

  За реализација на проектот од страна на Царинската управа подготвена е проектна документација и обезбедена е градежна дозвола, кои се предадени на UNDP[12] како организација на која ДЕУ ѝ додели мандат да го реализира овој Проект. UNPD спроведе јавни набавки за избор на изведувач на градежни работи и консултантска фирма – надзор на градежни работи. Изведбата започна во март 2025 година, а вредноста на оваа донација е 2,1 милиони евра. На 12 март 2025 година се одржа настан со кој се означи почеток на градежните работи. Согласно договорот, новиот премин треба да биде изграден до крајот на 2026 година, а ќе има и една година гарантен период.

- **Реконструкција и модернизација на граничен премин (ГП) Делчево со Бугарија и автоматизација на царинските терминали** (финансиран од **ИПА 3** национална програма – 2021 - Грант)

  Царинската управа и Делегацијата на Европската Унија во март 2024 година потпишаа Договор за грант во износ од 4,2 милиони евра. Дел од овие средства во износ од 2,2 милиони евра се наменети за реконструкција и модернизација на граничниот премин Делчево (реновирање на административната зграда, реконструкција и надградба на зградата на терминалот, реконструирана патна инфраструктура на граничниот премин, изградба на пречистителна станица), со цел подобрување на условите и капацитетите на истиот. Граничниот премин ќе претрпи значителна реконструкција што ќе обезбеди подобри услови за работа на царинските и полициските службеници и директно ќе овозможи поефикасно и навремено спроведување на царинските постапки, согласно европските стандарди. Во рамките на проектот беа ангажирани надворешни консултанти за подготовка на тендерска документација, по што започна постапка за јавна набавка за избор на изведувач и вршење надзор над градежните работи. Во тек е евалуација на пристигнатите понуди за избор на економски оператори за реализација на планираните набавки.

[12] Програма за развој на Обединетите нации

Останатите 2 милиони евра се наменети за модернизација на царинските терминали во државна сопственост со воведување на современа опрема и технологија за спроведување на царинските процеси. Втората компонента ќе опфати модернизација на опремата на 9 гранични премини во Република Северна Македонија, како и интегрирање на овие компоненти и елементи со современите царински решенија. Во рамки на оваа компонента се предвидува директно влијание врз ефикасноста и скратено време за царински постапки. Подготвена е тендерска документација за набавка на опрема (дигитални ваги, рампи и камери) и во најскоро време треба да биде објавена набавката.

- **Проект за изградба на граничен премин Берово (ГП Клепало) – Струмјани** (финансиран од ИПА 3 Програма за прекугранична соработка со Република Бугарија за 2021 година)

Во ноември 2023 година започна имплементацијата на Стратешкиот проект за изградба/рехабилитација на нов граничен премин Струмјани – Берово (Клепало), што е заеднички проект за Бугарија и Северна Македонија, преку кој ќе се подобри поврзаноста помеѓу двете земји, ќе се олесни трговијата и ќе се поттикне туристичката размена. Вредноста на проектот за македонската страна е 3,6 милиони евра.

Ставањето во функција на новиот граничен премин ќе ја зголеми фреквенцијата на сообраќајот меѓу двете земји, ќе го стимулира економскиот развој на регионот и ќе овозможи и директен пристап до автопатот Струма, што е важен дел од трансевропската транспортна мрежа. Проектот е финансиран преку ИПА 3 Програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија за 2021-2027 година и ќе се реализира во 2 фази.

Во првата фаза што се очекува да заврши во 2026 година, ќе се спроведат подготвителни активности поврзани со планирање, проектирање и избор на изведувачи. Избрана е консултантска фирма за проектирање, како и консултатнска фирма за вршење на ревизија на проектната документација, согласно планот за набавки.

Во втората фаза која ќе се спроведе од 2027-2029 година, ќе се реализираат градежните активности на инфраструктурата на граничниот комплекс. На бугарската страна ќе се гради нов премин и ќе се изгради патна инфраструктура, додека на македонска страна ќе се реконструираат и модернизираат постоечките структури и објекти.

Средствата одобрени за проектот заеднички ќе се искористуваат со Регионалната администрација од Благоевград, Бугарија. **Вкупната вредност на заедничкиот грант е околу 9 милиони евра, а делот на Царинската управа е околу 3,6 милиони евра.**

### *Проекти со поддршка на Светска банка*

- **Проект за реконструкција на граничниот премин Деве Баир** (финансиран преку заем од Светска банка). Со реконструкцијата на управната зграда ќе се добијат современи услови за работа на царинските и полициските службеници, а бенефит ќе имаат и службениците од Државниот инспекторат за земјоделие, граничната Фитосанитарна инспекција, како и Агенцијата за храна и ветеринарство. Воедно процедурите за увоз, извоз и транзит ќе се одвиваат на едно место, што ќе претставува олеснување за економските оператори. Ќе се придонесе и за скратување на времетраењето на завршување на постапките. Во тек се градежни активности што би требало да бидат финализирани до март 2026 година.
- **Проект за опремување и модернизација на ГП Ќафасан (финансиран преку заем од Светска банка).** Завршени се градежните работи за изградба на објект, со што се обезбедуваат подобри услови за сместување на шпедициите на овој граничен премин. Сите овие активности се во насока на побрзо завршување на царинските постапки и намалување на трошоците на економските оператори. За финализација се чека на официјален технички прием.

### *Контрола на работните процеси*

### *Внатрешна ревизија*

Од особена важност е спроведувањето на препораките од внатрешната ревизија и Државниот завод за ревизија и воспоставувањето на ефикасен систем на спроведување на препораките, како и систем на одговорност.

| **Внатрешни ревизии во 2025** | |
|---|---|
| Изготвени конечни ревизорски извештаи и дадени акциони планови со рокови за спроведување на препораките | 13 |
| Утврдени наоди | 53 |
| Дадени препораки | 59 |

| **Вкупна реализација на препораки во 2025** | |
|---|---|
| Статус на дадени препораки: | |
| Реализирани препораки | 40 |

| | |
|---|---|
| Нереализирани препораки | 1 |
| Препораки во тек на реализација | 9 |
| Делумно реализирани препораки | 4 |
| Препораки за кои не е изминат рокот на реализација | 5 |

Во 2025 година во Царинската управа се **извршени 13 внатрешни ревизии врз основа на кои се утврдени 53 наоди и дадени се 59 препораки за подобрување на работењето**. Ревизиите опфатија спроведување на препораките од извршени внатрешни ревизии во 2024 година, наплатата на приходите од терминали, функционалноста на ИКТ системите во Царинската управа, спроведување на увозна царинска постапка, процесот на управување со ризици во Царинската управа, процесот на обезбедување на царински долг со гаранции, редовниот годишен попис за 2024 година на Царинската управа, следење на реализацијата на договори по јавни набавки, вршење на селективни контроли при спроведување на царинска постапка, постапки за јавни набавки во Царинската управа, работењето на Службите за надзор на иматели на одобренија (СНИО), процесот на наплата на акциза за меѓупроизводи и жестоки алкохолни пијалаци и процесот на имплементација на проекти кои тековно се спроведуваат во Царинската управа преку инструментот за претпристапна помош - ИПА.

За споредба, во 2024 година беа спроведени 14 внатрешни ревизии со 64 утврдени наоди за кои беа дадени 64 препораки за подобрување на работењето.

Исто така претставник на Царинската управа учествуваше во вршење на АД ХОК Ревизија на системот на внатрешни контроли на процесот на спроведување на активностите од „Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, Област на политика 4. Развој на приватниот сектор и деловното опкружување, во Министерството за економија и труд, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво, Министерството за транспорт и Царинската управа, врз основа на Овластување од Министерството за финансии на РСМ.

### *Отворена царинска линија 197*

На отворената царинска телефонска линија (197) во 2025 година добиени се вкупно 5.659 повици.

Најголемиот дел од повиците се однесуваат на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави. Од нив како позначајни може да се издвојат повиците класифицирани во категоризација Ј (информација за изнуда на поткуп) – 49 повици, Р (информација за поплака од забавена царинска постапка или застој на граничните премини) – 1356 повици и С (информација за технички проблеми при спроведување на царинската постапка) – 109 повици.

Како резултат на обработка на добиените повици на отворената царинска линија на А и В (информации за криумчарење) - 72 повици, извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царинските испостави, како и од мобилните тимови, додека од страна на соодветните служби извршена е обработка, анализа и истрага од доменот на нивното работење.

### *Слободен пристап до информации од јавен карактер*

Во 2025 година до Царинската управа беа доставени 13 барања за пристап до информации од јавен карактер, врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во 2024 година беа примени и одговорени 12 барања за пристап до информации од јавен карактер.

# *МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ И ПОВАЖНИ НАСТАНИ*

## *Меѓународна соработка*

### *Билатерална соработка*

- **Средба со аташето за внатрешна безбедност при Амбасадата на Франција (9 јануари 2025 г.)**

  Потврден интересот за соработка и здружено делување во сузбивање на организиран криминал. Царинската управа ќе биде вклучена во идните обуки заедно со Полицијата и Јавното обвинителство, кои ќе бидат фокусирани финансиските истраги, спречување перење пари, конфискација на недвижен имот, начини на искористување на имотот во полза на државата.
  Соработката ќе се интензивира и во делот на размена на информации, за ефективна борба против прекуграничниот организиран криминал.

- **Во Центарот за напредни обуки при Царинската управа на Република Хрватска директорите на двете царински управи Бобан Николовски и Марио Демировиќ се договорија за унапредување на соработката во заедничката пожестока борба и сузбивање на организираниот прекуграничен криминал во регионот (17 јануари 2025 г.)**

Ќе следат обуки со експерти од Хрватска, а нашите колеги од своја страна ќе споделат искуства во примената на системот за видео надзор и препознавање на регистарските таблички. Ќе има и унапредување на соработката во делот на размената на информации за цели на истраги.

- **Состанок со амбасадорката на Соединетите Американски Држави Ангела Агелер (8 март 2025 г.)**

  Изнесени посебните резултати остварени од Царинската управа во изминатите осум месеци, во делот на прибирање на приходи во Буџетот, сузбивање на криминалот и заштита на граѓаните.

  Презентирана работата на Дежурниот оперативен центар и демонстрирано практично користењето на опремата што за контролни цели  е донирана од САД.

- **Состанок со висока делегација на Царината на Република Кореја (13 март 2025г.)**

  Се разговараше за постигнатиот напредок во имплементација на проектот за воспоставување на нов Систем за анализа на ризици и Податочен склад (грант од Република Кореја).

- **Средба со министерот за трговија на Турција и директорите на директоратите за Царина и Царинска контрола и истраги во Анкара (5 мај 2025 г.)**

  Директорот на Царинска управа Бобан Николовски беше член на делегацијата на министерката за финансии Гордана Димитриеска Кочоска.

  Договорено е да се потпишат меморандуми за соработка, воспоставување директни комуникациски канали помеѓу царинските сектори за контрола и истраги, размена на информации во реално време и креирање заеднички профили на ризик за специфични стоки.

  Ќе се организираат и заеднички обуки фокусирани на ракување со разузнавачки информации, подобрување на аналитичките капацитети, како и размена на најдобри практики и искуства во областа на видео надзорните системи и ИКТ решенијата.

  Ќе се практикуваат редовни експертски состаноци, со цел унапредување на капацитетите за откривање на царински измами и ефективно спречување на корупција.

- **Средба на заменик-шефот на Мисијата во Амбасадата на САД во Скопје, Никол Варнс (19 мај 2025 г.)**

  Потврдена значајната улога на Царината во одржување на безбедноста и подобрување на економската состојба како значаен аспект во привлекување странски директни инвестиции. Следните 18 месеци ќе бидат клучни во спроведување на реформската агенда до полноправното членство во ЕУ, каде Царинската управа има значајна улога, но и ќе биде под голем притисок за испорачување на резултати во делот на економијата, безбедноста, но истовремено и во борбата со корупцијата.

Дадени беа пофалби за тимски постигнатите резултати на Царината и зголемената соработка на национално и меѓународно ниво. Во исполнувањето на стратешките цели и натаму може да се смета на поддршка од САД.

- **Билатерална средба со Царината на Црна Гора во Подгорица (4 септември 2025 г.)**

На средба на директорот на Царинската управа на Македонија Бобан Николовски и директорката на Царинската управа на Црна Гора Маја Вучиниќ, на која учествуваа и експертски тимови од највисокото раководство на двете институции, беа разменети искуства во процесот на дигитализација и усогласување на царинското законодавство со она на ЕУ и беше предложено воспоставување системска соработка во иднина – во интерес на зајакнување на безбедноста во регионот и подобрување на конкурентноста на економиите на двете земји.

Посебен акцент беше ставен на дигитализацијата на царинските постапки во Црна Гора, како и на можностите за примена на добрите практики од кои Македонија ќе извлече искуства во процесот на усогласување со европските стандарди.

Беа договорени идни конкретни чекори: продлабочување на соработката врз основа на потпишаниот Протокол за електронска размена на податоци преку системот SEED+, воспоставување директни контакт точки меѓу секторите за контрола и истраги на двете управи за размена на информации во реално време, разгледување и споредба на постапките за спроведување на царинските процедури со цел нивно унапредување и олеснување на трговијата.

- **Билатерална средба со Царината на Србија во Белград (10 септември 2025 г.)**

На билатерална средба помеѓу директорот на Царинската управа на Македонија Бобан Николовски и директорот на Царината на Србија Драгиша Петровиќ беа потврдени придобивките од досегашните активности: заедничките контроли со едно застанување на граница, взаемното признавање на овластените економски оператори, размената на податоци, како и меѓусебното признавање на белешките од мерење на товарните возила.

Двете страни се согласија за продлабочување на соработката при имплементацијата на новите царински ИТ системи кои се обврска за напредок во процесот на европска интеграција, воспоставување на контакт точки за побрза и поефективна размена на оперативни и разузнавачки информации во реално време, дополнително олеснување на царинските постапки во согласност со Акциониот план за Заеднички регионален пазар и постапките во рамки на договорот за контроли со едно застанување на граничниот премин Табановце, соработка во организирање на заеднички обуки, работилници и консултативни состаноци.

- **Средба со економското аташе на Амбасадата на САД (19 септември 2025 г)**

На остварена средба со економското аташе на Амбасадата на САД Барнабас Биркланд и економскиот советник Јордан Дамчевски беше потврдена добрата

соработка помеѓу Царинската управа и Амбасадата на САД и интересот за нејзино продлабочување во областите каде се констатираат заеднички приоритети - спроведување ефективни трговски политики кои ќе допринесат за зголемен обем на трговската размена и ќе привлечат нови инвеститори од САД, економската трансформација преку подобрена трговска политика и борба против криминалот и корупцијата.

- **Промовиран Системот за анализа на ризик и податочен склад, воспоставени во рамки на проект реализиран со финансиска и стручна поддршка на Кореја (16 декември 2025 г)**

  **на свечен настан во Царинската управа, во присуство на високи претставници од Царинската служба од Кореја беше промовиран** Системот за анализа на ризик кој е од исклучителна важност бидејќи со истиот се овозможува унапредување на процесот на анализа на ризик и подобра селекција и концентрираност на контролите на високоризични пратки, со што се овозможува олеснување и забрзување на легалната трговија. Сите податоци за целиот увоз, извоз, транзит, податоците за акцизна стока, целокупната евиденција на заплени, прекршочни и кривични пријави се интегрирани во Системот и истите се анализираат со поддршка на напредна вештачка интелигенција. Воедно истиот обезбедува податоци за пратки чии вредности се различни од берзанските цени, но и чии вредности се под просечните согласно анализата на вредноста на целокупниот увоз, со што се алармираат царинските службеници за проверка на контејнерите со вакви пратки, за да се спречат можни обиди за царинска измама.

  Во оваа пригода свечено беа предадени и двете кучиња за детекција донирани од Царинската служба на Кореја.

**Потпишана Заедничка декларација за царинска соработка со Министерството за трговија на Турција – заедничка борба со организираниот криминал и забрзување на легалната трговија**

На 17 јули 2025 година директорот на Царинската управа Бобан Николовски и заменик-министерот за трговија на Република Турција и надлежен за царински политики Сезаи Учармак потпишаа Заедничка декларација на Царинската управа на Република Северна Македонија и Министерството за трговија на Република Турција за царинска соработка, со која двете страни се обврзуваат заеднички да делуваат во борбата против организираниот криминал и забрзување на протокот на легалната трговија.

Со декларацијата се презема обврска за креирање на заеднички профили на ризик, директна комуникација во реално време, размена на разузнавачки информации и учество во заеднички операции со цел спречување и разобличување на криминални структури. Се најавуваат заложби за поедноставување на царинските постапки, размена на експертиза и взаемна поддршка во спроведувањето на меѓународни царински конвенции и стандарди.

Ќе се работи и на промоција на програмите за доверливи економски оператори и унапредување на соработката во сите царински области.

### *Потпишан Меморандум за електронска размена на податоци со Бугарија*

На 17 декември 2025 година, во седиштето на Европската комисија во Брисел, директорот на Царинска управа Бобан Николовски и директорот на Националната царинска агенција на Република Бугарија Георги Димов потпишаа Меморандум за разбирање со кој се овозможува електронска размена на податоци. Целта е забрзување на легалната трговија и спречување на обиди за царинска измама, со што директно ќе се придонесе за зајакнување на конкурентноста на македонската економија на пазарот во ЕУ.

## *Соработка со меѓународни организации*

### *Мисија на ОБСЕ во Скопје*

На 24 јуни, на средба со шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, амбасадорот Килиан Вал и раководителот на Одделот за сигурност и поддршка на заедниците - Едвард Андерсон, беше потврден интересот за продлабочување на досегашната соработка со цел да се воспостави ефективно, ефикасно и координирано гранично управување, во насока на отворени, но безбедни граници, како и борба против криминалот и корупцијата.

Поддршката што ја дава ОБСЕ е значајна за Царинска управа, посебно во областите на делување за обезбедување на баланс помеѓу олеснување на трговијата и забрзување на прекуграничниот проток на стоки од една страна, подобрување на безбедноста на границите и државата преку ефикасни контроли.

ОБСЕ има за цел со своите активности да помогне за подобрување на интероперабилноста помеѓу институциите и градење на нивните капацитети, со цел координирана и ефективна борба против организираниот криминал.

Соработката ќе се интензивира за подигање на капацитетите на царинските службеници преку специјализирани обуки. Идните заедничките активности на Царинската управа и Мисијата на ОБСЕ во Скопје ќе се спроведуваат во координација со другите национални институции.

### *Канцеларија на Обединетите Нации за дрога и криминал (UNODC)*

Во рамки на проектот Хермес 2, чија цел е спречување на пролиферација на огнено оружје и експлозиви преку поштенски пратки во земјите од Западен Балкан, во декември е пуштен во употреба донираниот скенер за детекција на огнено оружје, дрога и експлозиви, кој има капацитет да скенирање стотици поштенски пратки во минута со помош на вештачка интелигенција. При контролата посебно внимание се посветува на делови од оружје транспортирани и доставувани преку поштенски пратки. Се работи и на законски измени за примена на посебни истражни мерки за детектирање и гонење на овие кривични дела.

### *Регионална соработка*

- **Регионална конференција „Создади, интегрирај, овозможи раст“ во Бечиќи (26-28 јануари 2025 г. )**

  Договорните страни на ЦЕФТА информираа за проектите опфатени со Планот за раст, но и за севкупните политики на царинските управи во областа на олеснување на трговијата, како дел од реформскиот процес за забрзана интеграција во ЕУ.

  Посебно се даде осврт на понатамошна дигитализација на царинското работење и усогласување со системите во ЕУ.

  Во рамки на конференцијата се одржа и завршниот состанок на Управувачкиот комитет за имплементација на проектите „Поддршка за регионалната економска интеграција“ и „ЕУ за бизнисот: поттикнување на заеднички регионален пазар преку квалитетна инфраструктура и е-трговија“ финансиран од ЕУ и ГИЗ. Беа презентирани резултатите реализирани во рамките на проектите за поддршка на е-трговијата, овластен економски оператор и управување со ризик, како и поддршката на ЦЕФТА структурите во нивните напори за понатамошно продлабочување на регионалната економска интеграција и усогласување со законодавството на ЕУ.

- **29ти Поткомитет за царина и правила за потекло на стоки во рамките на ЦЕФТА, (11 јуни 2025) во Тирана,**

  Договорните страни на ЦЕФТА беа информирани за Работната програма на претседавачот на Поткомитетот, при што голем дел од планираните активности се во согласност со Акцискиот план 2025-2028 за воспоставување на Заедничкиот регионален пазар на Западен Балкан, ЦЕФТА договорот и соодветните дополнителни протоколи. На состанокот е извршена презентација на Нацрт верзијата на ЦЕФТА Стратегијата за управување со ризици (2025-2028), патоказот за нејзина имплементација и Акциониот план. Поткомитетот одобри два предлог текстови: за измената на одлуката за формирање на ЦЕФТА Работна група за ОЕО, како и за формирање на ЦЕФТА советодавно тело за царинска соработка и за распоредување според царинската тарифа и правилата за потекло. Во поглед на проектот за развој на системот SEED+ искажана е посветеност и одлучност за

негова имплементација, како и подготвеност за учество во развој на нови функционалности. По презентацијата на напредокот во реализацијата на Студии за мерење на времето на пуштање на стоки во промет, спроведени од страна на царините на договорните страни, покрај покажаните позитивни резултати од извршените студии, истите беа охрабрени да продолжат со примена на оваа алатка.

- **Конференција на високо ниво на генералните директори на царинските управи на Западен Балкан и земјите членки на ЕУ, „Партнерство на царинските управи за Поврзана Европа – Зајакнување на царинската соработка за подобра поврзаност“,** одржан во Тирана (**12 јуни 2025 г**) во организација на Царинската управа на Албанија, Царинската агенција на Италија, CEFTA Секретаријатот, Проектот SEED + и Транспортната заедница,

  Директорот Бобан Николовски учествуваше во првиот панел на оваа конференција како говорник на тема „Царинската соработка помеѓу Западен Балкан и земјите-членки на ЕУ, истакнувајќи ги оперативните успеси и предизвици во размената на податоци и усогласувањето на регулативата“.

  Во рамки на конференцијата беше усвоена и заедничка изјава со која царинските управи ќе се залагаат за зајакнување на царинското партнерство.

- **Тридневна Регионална работилница за Едношалтерскиот систем за царинските управи на Западен Балкан, во организација на Програмата за развој на трговското право при Министерство за трговија на САД, во координација со Царинската управа и Европската комисија, Министерството за финансии на Полска и Финансиската управа на Словенија (10-12 септември 2025 г.) во Скопје,**

  Заменик директорот на Царинската управа Мустафа Даути во своето воведно обраќање се осврна на проектот за воведување на Националниот едношалтерски систем (се реализира со помош на Светска банка за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балка), како еден од клучните столбови во градењето на потранспарентно, поефикасно и интероперабилно царинско опкружување. Истакна дека со овозможување на поднесување на сите документи преку една влезна точка, системот го намалува административните оптоварувања, ја зголемува усогласеноста, ја зајакнува довербата помеѓу јавниот и приватниот сектор, ја подобрува координацијата меѓу граничните институции и создава поповолна бизнис-клима.

- **Неформален состанок на генералните директори на Царинските управи, организиран од Секретаријатот на ЦЕФТА во Брисел (18 декември 2025 г.)**

  На средбата генералните директори и директорите на Секретаријатот на ЦЕФТА и Транспортната заедница дискутираа за следните чекори во спроведувањето на меморандумите за разбирање што беа потпишани на 17 декември во Брисел како дел од иницијативата „Зелени ленти“, како и за понатамошното проширување и

продлабочување на иницијативата меѓу ЦЕФТА и Европската Унија на стратешко ниво.

Со потпишаните три билатерални оперативни договори се зајакнува царинската соработка меѓу царинските управи на Албанија, Молдавија и Северна Македонија со Грција, Бугарија и Италија. Меморандумите имаат за цел да го намалат времето на чекање на граничните премини и да го олеснат движењето на стоки. Истите се дел од Планот за раст на ЕУ за Молдавија и Иницијативата „Зелени ленти" на ЕУ и Западен Балкан, предводена од Транспортната заедница и Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА).

## *Подобрување на поврзаноста со соседните земји преку модернизирање на граничните премини*

- **Започната реконструкција на Граничниот премин Маркова Нога (12 март 2025 г.)**

  Со отпочнување на градбата на административната зграда на Царинската управа беше означен почетокот на обновата на Граничниот премин „Маркова Нога" во Преспанскиот регион. Преминот се финансира со средства од Европската унија во износ од 1,93 милиони евра, а обврска на Царинската управа преку Буџетот е да обезбеди 170 илјади евра неопходни за опремување на објектите.

- Директорот на Царинската управа и министерката за финансии Гордана Димитриеска Кочоска извршија увид на состојбата на граничниот премин Блаце - Елез Хан со Р. Косово, за унапредување на мерките што се преземаат секојдневно за подобрување на контролата на секој влез и излез на патници и стоки. (**12 април 2025 г**)

  На средбата одржана во таа пригода помеѓу директорот Бобан Николовски и косовската делегација предводена од директорот на Царинската управа на Косово, Агрон Лугалиу, заменикот министерот за финансии и труд Агон Добруна и директорот за Граници, Фахри Гаши, се зборуваше за воведување на системот на едно запирање на граница, кој ќе овозможи забрзан проток на патници и ефикасна контрола и заедничко делување во спречување на секој обид за шверц.

## *Светска царинска организација*

### *Одбележан Меѓународниот ден на Царината*

По повод Меѓународниот ден на Царината што традиционално се одбележува на 26 јануари, во 2025 година под слоганот „Царините ги исполнуваат своите заложби за ефикасност, безбедност и просперитет", 20 царински службеници добија признанија од Генералниот секретар на Светската царинска организација за постигнати резултати и заслуги преку големо залагање со успех во сузбивање на криминалот и спречување на

нелегална трговија, дигитализација на процесите и имплементација на царински ИТ системи според стандардите на ЕУ, олеснувањето на трговијата и зголемување на конкурентноста на македонската економија, развој на едношалтерскиот систем, заштита на финансиските интереси и ефикасна наплата на приходи. Свечениот настан се одржа во Царинската управа на 30 јануари 2025 година.

***Годишна седница на Советот за царинска соработка на Светската царинска организација***

Делегација на Царинската управа предводена од директорот Николовски присуствуваше на годишната седница на Советот за царинска соработка на Светската царинска организација, што се одржа од 26-28 јуни во нејзиното седиште во Брисел.

СЦО како глобален меѓународен центар на царинската експертиза, има водечка улога во развојот, промовирањето и спроведувањето на современи царински системи и процедури, а Советот кој го сочинуваат директорите на царинските управи на земјите членки е највисоко тело за управување и раководење.

На седницата на Советот за царинска соработка се разменија ставови за клучни теми и прашања од областа на царинското работење. Беа усвоени и извештаите подготвени од комитетите на организацијата задолжени за градење на капацитети, прописи поврзани со тарифа, трговски прашања, спроведување на законите и олеснување на царинските постапки и трговските процеси.

Во однос на утврдување на заеднички политики во рамки на светското семејство на царински служби, делегатите дискутираа и за SAFE рамката на стандарди, е - трговија, Акцискиот план на СЦО за ранливи граници, родова еднаквост и интегритет на царинските службеници, како и за понатамошните стратешки активности и подобрување на рамката на Хармонизираниот систем.

## *Меѓуинституционална соработка*

Современите предизвици поврзани со организираниот криминал, трговијата со дрога, перењето пари и нелегалната миграција бараат интегриран пристап и тесна институционална соработка. Ниту една институција не може самостојно ефикасно да се справи со овие комплексни форми на криминал и затоа меѓуинституционалната комуникација и координација се клучни фактори во изградбата на ефективен систем на безбедност.

Институционалната соработка се одвива преку размена на информации, заеднички оперативни акции, координирани истраги и користење на заеднички бази на податоци. Особено важна е улогата на царинските служби, Полицијата, финансиските институции, Обвинителството и специјализираните агенции за борба со корупција и организиран криминал.

### ❖ Состанок со Агенција за храна и ветеринарство (22.08.2025 г.)

Фер конкурентност на економијата преку откривање царински измами со храна, зголемена безбедност на храната која се внесува во државата преку заеднички и координиран пристап на Царинската управа и Агенцијата за храна и ветеринарство, како и олеснување и забрзување на легалната трговија преку усогласување на работното време на двете институции, се очекуваните резултати од мерките што ги договорија на состанокот директорот на Царинска управа Бобан Николовски и директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство Оливер Миланов.

Претходно имаше обуки за контрола на увоз и извоз на храна, како и за контрола на внесување и изнесување на миленици, приспособени на реални сценарија, со цел истите да бидат ефикасни.

### ❖ Царината и Централниот регистар договорија е-размена на податоци за царински долг (16.10.2025 г)

Царинската управа и Централниот регистар договорија дигитална размена на податоци за царински долг.

Директорот на Царинска управа, Бобан Николовски и директорката на Централен регистар, Анита Стамнова го потпишаа Договорот за соработка и размена на документи во електронска форма.

Со Централниот регистар интензивно се работеше на дигитално поврзување на системите. Од ноември информациите за царински долг Централниот регистар ги добива автоматски, преку системот за интероперабилност, а фирмите и граѓаните имаат можност истите да ги добиваат по електронски пат. Годишно досега се издаваа од седум до девет илјади потврди во хартиена форма, за што барателите чекаа и по неколку дена.

## *Соработка со деловната заедница*

Дијалогот со бизнис заедницата е клучен за подобрување на условите за водење бизнис и подобрување на конкурентноста на македонската економија. Во таа насока од голема важност е негување партнерски однос.

Во континуитет се одржуваат средби со претставници на компаниите со цел да им се помогне во царинските процеси. Нашата цел е да овозможиме фер, конкурентна трговија, при што се грижиме за спроведување на законите преку обезбедување поголема безбедност, просперитет и економска сигурност.

### *Поважни настани*

- На 31 јануари директорот Бобан Николовски како член на Националниот совет за извоз на Стопанската комора на Македонија, заедно со премиерот Христијан Мицкоски, министерката за финансии Гордана Димитриеска Кочоска и вицепремиерот министер за транспорт Александар Николоски, присуствуваше на настан „Ден на извозот" организиран од комората.
- На 18 февруари е одржан вториот состанок на Советодавното тело во кое членуваат претставници на бизнис заедницата. Пред членовите беше презентирана Стратегијата за развој на Царинската управа и Акциониот план за нејзино спроведување за 2025 - 2027 година.

  За време на состанокот од членките на Советодавното тело беше поздравена успешната имплементација и ставање во функција на Новиот транзитен систем НКТС - фаза 5, кој е целосно усогласен со функционалностите според новите законски барања од Конвенцијата за заедничка транзитна постапка.
- 23 септември – на традиционалната средба на превозници, директорот на Царинската управа ги истакна посебните резултати во наплатата на приходите (раст за 65,5 милиони евра заклучно со август), забрзување на транспортот и олеснување на легалната трговија, како и подобрена безбедност на стоките што се внесуваат и изнесуваат од државата, преку подобрено менаџирање и имплементација на ИКТ системи усогласени со оние во Европската Унија. Забрзување на царинските постапки е постигнато и со усогласување на смените на Агенцијата за храна и ветеринарство со оние на Царинската управа. Важна е и зајакнатата соработка со Министерството за транспорт, што резултира со забрзана имплементација на клучни инфраструктурни проекти, меѓу кои и Новиот национален едношалтерски систем.

## *Транспарентност и односи со јавност*

Транспарентноста во работата на Царинската управа претставува предуслов за градење доверба кај јавноста. Односите со јавноста помагаат да се одржи таа доверба преку отворена, јасна и одговорна комуникација.

Овие два концепти играат витална улога бидејќи преку нив се овозможува двонасочна комуникација со граѓаните, се унапредува отчетноста и се гради позитивен имиџ на институцијата која гарантира безбедност, сигурност и економски раст преку подобрување на условите за водење бизнис и олеснување на трговијата и транспортот.

Лицата задолжени за односи со јавноста во Царинската управа играат значајна улога во воспоставување и одржување на транспарентна комуникација со јавноста. Преку редовни соопштенија што се доставуваат до медиумите, јавноста е навремено и објективно информирана за активностите, мерките и резултатите од работењето на институцијата. Овие соопштенија, покрај тоа што се пласираат во традиционалните медиуми, се објавуваат

и на официјалната веб-страница на Царинската управа, како и на нејзините профили на социјалните медиуми (како Facebook, Instagram).

Овој мултиканален пристап овозможува поголем опфат на публика, зголемена достапност на информации и поттикнување на интеракција со граѓаните, што е во согласност со современите принципи на е-транспарентност и дигитална комуникација во јавниот сектор.

### *Одбележан 14-ти Април-Денот на Царинската управа*

На јубилејното одбележување на Денот на Царинската управа, во присуство на колеги царински службеници и претставници на институции и стопански комори со кои Царината секојдневно соработува, беа истакнати извонредните резултати во наплатата на приходи (во првото тримесечје годинава се поголеми за 13,6 милиони евра во однос на истиот период минатата година), борба против незаконски активности (поднесени 102 кривични пријави од ноември 2024 до април 2025 година, што е повеќе од цел тригодишен период од 2020 до 2023 година кога биле поднесени вкупно 85 кривични пријави), поголем број на заплени во првото тримесечје од годинава (143 случаи на заплени, или за 77 проценти повеќе во однос на минатата година кога бил остварен 81 случај на заплени).

Беше даден осврт и на тековните инвестиции во вредност од 24,4 милиони евра што се обезбедени од Светска банка, Република Кореја, од ЕУ како грант средства, како и од националниот Буџет.

Свеченоста организирана во просториите на Царинската управа беше искористена за изразување на благодарност до блиските соработници и царинските службеници кои се издвоија со посебни резултати. Беа врачени плакети и благодарници.

За одбележување на празникот традиционално беше реализирана и крводарителска акција.

### *Синдикални активности*

Самостојниот синдикат на Царинската управа и Синдикалната организација при Царинска управа-УПОЗ континуирано работат и преземаат активности за подобрување на правата на вработените како императив за своето постоење, работните услови и социјалната клима, како предуслов за квалитетно и достоинствено работење во Царинската управа.

Во првиот квартал од 2025 година Самостојниот синдикат на Царинската управа обезбеди средства за синдикална солидарна помош за своите членови, како и за членовите на нивното потесно семејство при подолготрајно боледување или по други основи.

Беа организирани активности за одбележување на Меѓународниот ден на жената.

Во мај 2025 година Самостојниот синдикат на Царинската управа организира синдикална екскурзија во Цавтат - Република Хрватска, со цел дружење меѓу членовите на Синдикатот и останатите вработени во Царинската управа, со што допринесе за унапредување на

социјалната клима и континуиран развој на социјална кохезија на сите вработени во Царинската управа.

### *Хуманитарни активности*

Синдикалната организација при Царинската управа - УПОЗ донираше средства за семејствата на трагично настраданите во пожарот во Кочани, по предлог на жените членки кои годинава се откажаа од подарок вообичаено доделуван по повод Меѓународниот ден на жената.

Во првиот квартал синдикалните организации обезбедија парична помош наменета за лекување на еден пациент во странство.

Активностите на одбележување на 14-ти Април, Денот на Царинската управа опфатија и организирање на хуманитарна акција за помош на настраданите во големата несреќа што случи во Кочани.